Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Свети Николе на 56 седницата одржана на 26.12.2024 година донесе

# П Р О Г Р А М А

## за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата

## во 2025 година

### I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување на активен и одговорен однос на Советот на Општина Свети Николе кон задоволување на потребите и интересите на сите жители од областа на културата;
- Зачувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Свети Николе;
- Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата;
- Поттикнување на сите граѓани, без оглед на возраста, полот или другите карактеристики, да учествуваат во културно-уметнички активности и да ги развиваат своите уметнички афинитети.

### II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина за реализирање на оваа Програма ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целта на оваа Програма и тоа:

- Континуирано организирање на традиционалните културно уметнички манифестации;
- Реализација на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебен идентитет на Општина Свети Николе;
- Создавање услови за гостување на еминенти уметници од Република Северна Македонија и странство во Општина Свети Николе;
- Унапредување на меѓународната културна соработка на реципрочна основа со збратимените градови на Општина Свети Николе;
- Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го поддржуваат развојот на културата во локалните заедници.

I. **Приходи** –дотации и општински буџет

| | | Буџет 2025 |
|---|---|---|
| 1 | Библиотечна дејност - К1-самофинасирачки | 0 |
| 2 | Музичко и сценско – уметничка дејност - К2 | 8.526.826 |
| 3 | Музичко – кинотечка дејност - К3 | 6.896.026 |
| 4 | Самофинансирачки активности-К2 | 1.241.600 |
| 5 | Самофинансирачки активности-К3 | 60.000 |
| 6 | Средства од Буџет на Општина | 3.470.000 |
| | **ВКУПНО** | **20.194.452** |

| Прих.Конт К3 и К2 | Вид на приход | Буџет 2025 |
|---|---|---|
| 723411 | Членарина во институции од областа на културата | 400.000 |
| 723412 | Приходи од билети за културни манифестации | 641.600 |
| 725939 | Останати неданочни приходи | 260.000 |
| 742114 | Приходи од Европска унија | |
| | **ВКУПНО** | **1.301.600** |

## II. Расходи од сите видови на приходи табеларно прикажани

| | **АКТИВНОСТИ** | **Министерство за култура** | **Буџет Општина Свети Николе** | **Вкупно Буџет** |
|---|---|---|---|---|
| | | 2025 | 2025 | 2025 |
| К4-464990 | Шоу за деца „Ѕвездички“ | | 50.000 | 50.000 |
| 420130=50.000<br>426210=150.000<br>464990=300.000<br>464990=250.000 | Фестивал на изворен фолклор Тодорица со музички содржини Бина и озвучување | | 750.000 | 750.000 |
| К4-464990 | Ден на Општина –14 Септември | | 160.000 | 160.000 |
| 420120= 20.000<br>420130=50000<br>423910=50000<br>425990=50000<br>464990=300.000 | Светиниколски есенски културен бран (културни настани и ликовна колонија)- Организирање на настан Бела ноќ | | 470.000 | 470.000 |
| К4-425990 | Хип хоп настан | | 60.000 | 60.000 |
| К4-463110 | Културен настан Моторијада 2025 Свети Николе со богата музичка програма | | 300.000 | 300.000 |
| К4-426210 | 19 Декември – Патрон на градот Свечена академија и свечена седница Свети Никола | | 100.000 | 100.000 |
| К4-464990=100.000 | Организација на 19 Декември Патрон на градот Свети Николе со пригодни програми и др.содржини за | | 100.000 | 100.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | одбележување на празникот | | | |
| K4-425990 | КУД Јанко Глигоров | | 100.000 | 100.000 |
| K4-464990 | Промоции на книги | | 20.000 | 20.000 |
| K4-426990 | Новогодишна и Божиќна програма | | 20.000 | 20.000 |
| K4-426990 | Ден на шегата – априлијада | | 20.000 | 20.000 |
| K4-464990 | Културна манифестација по повод ден на ромите | | 20.000 | 20.000 |
| K4-424390 | Санација на споменикот во Градски парк Свети Николе | | 300.000 | 300.000 |
| K2- | Оперативни расходи-К2 | | 500.000 | 500.000 |
| K3 | Оперативни расходи и активности околу локалитетот "Била Зора"-К3 | | 500.000 | 500.000 |
| | **Вкупно средства предвидени од Буџет на Општина** | | | **3.470.000** |
| | **Вкупно средства предвидени од самофинасирачки средства** | | | **1.301.600** |
| | **Вкупно средства предвидени од самофинансирачки активности Програма К2** | 1.241.600 | | 1.241.600 |
| | **Вкупно средства предвидени од самофинансирачки активности Програма К3** | 60.000 | | 60.000 |
| | **Сретства од Блок дотација од Министерство** | | | **15.422.852** |
| | **Вк.ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ К2** | 8.473.333 | | 8.473.333 |
| | **Вк.ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ програмаК2** | 53.493 | | 53.493 |
| | **Вк.ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ програмаК1** | | | 0 |
| | **Вк.ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ К3** | 6.831.400 | | 6.831.400 |
| | **Вк.ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ програмаК3** | 64.626 | | 64.626 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | | | 20.194.452 |

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Министерството за култура, Буџетот на Република Северна Македонија, од донации и од Буџетот на Општина Свети Николе, предвидени за 2025 година. При реализација на Програмата, Советот на Општина Свети Николе ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти поврзани со културата:

## V. Манифестации поддржувани со други форми на активности

**Шоу за деца „Ѕвездички“-** Традиционално секоја година се одржува шоу за деца каде учествуваат деца таленти од општината. Фестивалот е со натпреварувачки карактер.

<u>Цели</u>
- Поттикнување на најмладите генерации за развивање и изразување на нивните таленти;
- Стимулирање на позитивен натпреварувачки дух базиран на почит и поддршка;
- Збогатување на културно-уметничките содржини за деца во општината, со акцент на еднаквото учество на сите.

<u>Индикатори</u>
- Број на деца учесници на фестивалот со следење на полова застапеност
- Број на посетители на настанот.

<u>Конто и програми</u> - К4-464990

<u>Одговорни лица</u> – Директор на Дом на култура „Крсте Мисирков“

<u>Временска рамка</u> **–** Прва недела од Ноември 2025

<u>Намена на средства -</u> Средствата предвидени за овој настан ќе се користат за обезбедување на соодветни сценски поставки и награди, со акцент на обезбедување инклузивност и еднакви можности за сите учесници.

**Фестивал на изворен фолклор „Тодорица“ со музички содржини -** Фестивал од меѓународен карактер кој традиционално се одржува секоја година во општината. Фестивалот е од ревијален карактер на кој учествуваат фолклорни групи од земјата и странство, како и истакнати фолклорни музички ѕвезди.

<u>Цели</u>
- Промовирање и зачувување на изворната фолклорна традиција;
- Поттикнување и развивање на меѓународната соработка на Општина Свети Николе;
- Збогатување на културно-уметничката понуда за сите граѓани и посетители, со акцент на инклузивност и еднакви можности.

<u>Индикатори</u>
- Број на учесници на фестивалот (со внимание на полова и културна застапеност)
- Број на посетители на фестивалот.

<u>Конто и програми</u> - 420130=50.000, 426210=150.000, 464990= 550.000

Одговорни лица – Директор на Дом на култура “Крсте Петков Мисирков“

Временска рамка- Март 2025

Намена на средства- Средствата се наменети за подготовка и уредување на сценските поставки за фестивалот; Обезбедување престој и храна за сите учесници; Изработка и дистрибуција на рекламен материјал за промоција на настанот; Медиумска покриеност за зголемување на видливост на фестивалот; Обезбедување пригодни подароци за учениците како знак на благодарност за нивното учество.

**Ден на Општина –14 Септември-** За 14 Септември, Денот на Општина Свети Николе, се подготвува програма проследена со содржини од областа на културата, свечената седница на Советот на Општина Свети Николе и оддавање почит на значајни личности, настани и учесници во борбата за ослободување на градот.

Цели

- Пригодно и достоинствено одбележување на Денот на општината – 14 септември;
- Промовирање на локалната култура, историја и традиција;
- Поттикнување на заедничкиот дух и чувство на припадност кај жителите на општината.

Индикатори

- Број на учесници во свечената академија;
- Број на поканети гости;
- Број на посетители на организираните настани.

Конто и програми - К4-464990

Одговорни лица – Преставник од општинската администрација одговорен за организација на настани и свечености.

Временска рамка- 13-15 Септември 2025

Намена на средства- Средствата се наменети за набавка на потребни материјали и реквизити за организација на свечената академија; Обезбедување награди за истакнати лица кои ќе бидат наградени; Организација на пригоден коктел за поканетите гости, со цел зајакнување на соработката и дијалогот меѓу присутните.

**Светиниколски есенски културен бран (културни настани и ликовна колонија)**

**Настан „Бела ноќ“** - Традиционално, секоја година се организираат културно-уметнички настани кои го означуваат крајот на летото и почетокот на есента. Завршниот настан, „Бела ноќ“, претставува вечер исполнета со музички настапи од локални и гостински уметници, создавајќи уникатна атмосфера за сите посетители.

Цели

- Збогатување и промоција на културно-уметничката понуда на Општина Свети Николе;
- Поттикнување на активното учество на локалните уметници;
- Создавање простор за заедничко уживање во културата и уметноста за сите граѓани и гости на општината.

Индикатори

- Број на посетители на настаните;
- Разновидност и број на изведувачи/учесници.

Конто и програми - 420120=20.000; 420130=50000; 423910=50000; 425990=50000; 464990=300.000.

Одговорни лица – Директор на Дом на Култура "Крсте Мисирков" и преставник од општинската администрација одговорен за организација на настани.

Временска рамка - Август 2025

Намена на средства - Средствата се предвидени за организација и поставување на сцена за сите настани; Ангажирање на музичари, уметници и други изведувачи за учество во програмата; Техничка поддршка и логистика потребна за успешно реализирање на настаните.

**Културен настан „Моторијада 2025" – Свети Николе**

„Моторијада 2025" претставува традиционален културен настан со меѓународен карактер, кој секоја година се одржува во општина Свети Николе. Настанот е збогатен со богата музичка програма и ја промовира меѓународната културна соработка. Општина Свети Николе е горд покровител на овој уникатен настан, кој привлекува љубители на моторите, музиката и културата од земјата и странство.

Цели

- Промоција и збогатување на културно-уметничката понуда на Општина Свети Николе;
- Поттикнување на меѓународната културна размена и соработка;
- Привлекување на посетители и промовирање на општината како дестинација за културни и рекреативни активности.

Индикатори

- Број на посетители на настанот;
- Број на учесници во музичката програма и други активности.

Конто и програми – К4-463110

Одговорни лица – Преставник од општинската администрација одговорен за организација на настани

Временска рамка- Август 2025

Намена на средства- Средствата се наменети за организација на сценска продукција и техничка поддршка; Ангажман на музичари, артисти и други изведувачи; Логистичка поддршка за реализација на настанот и промоција на програмата.

**Манифестација „Патрон на градот - Свети Николај"**

Во организација на локалната самоуправа на Општина Свети Николе, секоја година на 19 декември се одбележува верскиот празник „Свети Николај", кој е патрон и заштитник на градот.

Програма на настанот
17 Декември - Во попладневните часови се одржува **„Свечена академија"** со учество на познати и реномирани групи. На овој настан се доделуваат:

- Награди за најдобрите ученици за учебната 2024/2025 година од основните училишта „Кирил и Методиј", „Гоце Делчев" и „Даме Груев", како и од средното училиште „Кочо Рацин";
- Признание за „Просветен работник на годината";
- Дипломи за освоени места на ликовниот и литературниот конкурс.

19 Декември - Програмата започнува со **Свечена богослужба** во храмот „Свети Николај". Потоа следи **Свечена литија** која завршува со пресекување на празничниот колач пред споменикот на Свети Николај.

Цели

- Достоинствено и пригодно одбележување на патронот на градот;
- Промоција на локалните образовни, културни и духовни вредности;
- Поттикнување на заедништво и почит кон традицијата и културното наследство.

Индикатори

- Број на посетители на свечената академија и другите настани;
- Број на учесници во програмата.

Конто и програми – К4-426210

Одговорни лица – Директор на Дом на Култура "Крсте Мисирков" и преставник од општинската администрација одговорен за организирање на настани.

Временска рамка - 17-19 Декември 2025

Намена на средства- Средствата се наменети за: Набавка на потребни материјали и реквизити за организација на свечената академија; Обезбедување награди за истакнати ученици и просветни работници; Организација на пригоден коктел за поканетите гости.

**Новогодишна и Божиќна програма**

Оваа програма е посветена на одбележување на Божиќните и Новогодишните празници преку активности наменети за најмладите генерации, кои вклучуваат празнични забави и подароци, создавајќи весела и радосна атмосфера за сите учесници.

Цели

- Поттикнување на празничниот дух кај најмладите генерации;
- Вклучување на децата во активности за празнување на Божиќ и Нова година;
- Промовирање на заедништво и радост преку организирани културно-забавни настани.

Индикатори

- Број на деца учесници во програмата;
- Задоволство на учесниците и родителите од организираните настани.

Конто и програми - К4-426990-100.000
- К4-464990 -100.000

Одговорни лица – Вработени лица во општинската администрација и Наставници од училиштата во општината.

Временска рамка – Декември - 2025

Намена на средства- Набавка на новогодишни подароци за децата; Организација на пригодна забава вклучувајќи сцена, анимации и други активности за најмалите; Обезбедување на логистичка поддршка за сите програмски активности.

**Манифестација „Ден на шегата – Априлијада"**

Оваа програма е наменета за одбележување на Денот на шегата, 1-ви Април, преку забава и активности кои ги поттикнуваат креативноста, хуморот и веселбата кај најмладите генерации.

Цели
- Вклучување на најмладите во активности за одбележување на Денот на шегата;
- Поттикнување на хуморот и креативниот израз кај децата;
- Создавање забавна и позитивна атмосфера за локалната заедница.

Индикатори
- Број на деца учесници во прославата;
- Впечаток на учесниците и нивните родители за организираните активности.

Конто и програми - К4-426990

Одговорни лица – Вработени лица во општинската администрација и училиштата во општината

Временска рамка – Април-2025

Намена на средства- Организација на пригодна забава за најмалите.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе" а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр. 0801- 964**
**26.12.2024**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**_______________**
**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 22, 1 ст.1 т.3 и чл.36 ст.1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Свети Николе на **56** седницата одржана на **26.12. 2024** година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локалниот економски развој во 2025 година

## I. Вовед, Законски рамки според кои се подготвува самата програма

Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на Локалниот економски развој се подготвува и се усвојува врз основа на надлежностите на локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Статутот на општина Свети Николе, други позитивни законски одредби и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи.

Според членот 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа се уредува:

Локалниот економски развој, планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство“.

Во 2025 година во областа на локалниот економски развој одделението за Локален економски развој и јавни дејности согласно надлежностите ќе продолжи со директна реализација на веќе започнатите проекти и со аплицирање на нови согласно повиците коишто ќе бидат активни во текот на 2025 година.

Во текот на 2024 година активно се работеше на изработување на документација за нови проекти, но и подготовка на апликации на постоечката документација со којашто располага Општина Свети Николе кон отворените повици како од Владата и надлежните министерства и институции, така и кон меѓународните отворени фондови и програми наменети за развој на општините.

Во текот на 2024 се започна со Реализација на Стратегијата за ЛЕР.

Соработката со партнерите од национално ниво како и Делегацијата на ЕУ во Македонија, амбасадите во Македонија и останатите донатори домашни или меѓународни повторно ќе бидат на високо ниво со цел реализација на проекти од заеднички интерес на територијата на Општина Свети Николе.

Одделението за Локален економски развој и јавни дејности При Општина Свети Николе во 2025 ќе реализира 2 ЕУ проекти и тоа:

Проектот CITYMOVE, кофинансиран од ЕУ во рамките на програмата Interreg IPA Adrion, беше официјално промовиран со тридневен настан од 5 до 7 ноември 2024 година, во Губио, Италија. Овој собир ги собра сите партнери од осум земји за да разговараат за иновативни решенија за подобрување на урбаната мобилност и да споделат согледувања за спроведувањето на проектот со пошироката јавност. На настанот присуствуваа пет градоначалници: Дејан Владев (Свети Николе, Македонија)Марио Кордиќ (Мостар, Босна и Херцеговина), Иван Кнез (Биоград на Мору, Хрватска), Агрон Малај (Мат, Албанија) и Виторио Фиоручи (Губио, Италија); и

„**Лабораторија на отпорност во Свети Николе - Resilience Lab Sveti Nikole“ (ResLabSN – број на проект 240193), финансиски поддржан од EIT Climate - KIC во рамки на програмата „Pathways2Resilience"** - проект помеѓу општина Свети Николе како водечки партнер и SmartU – Social innovation Lab Скопје како проектен партнер. Целта на RLSN е да ги постави основите на системски пристап кон развивање на отпорност, кој значајно ја интегрира климатската адаптација,

адресирајќи ги јазовите во клучните услови за овозможување и клучни системи на заедницата.

Двата проекти се како резултата на подобрување на капацитетите на вработените во Одделението за ЛЕР и ЈД како дел од Проектот на формирањето на Мрежа на општински/градски проектни тимови за Западен Балкан иницирана од Град Сараево , а со техничка поддршка на Мрежа на асоцијации на локалните власти на Југоисточна Европа НАЛАС и поддржан од Германската агенција за развој ГИЗ – Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ), преку кој се изврши обука на 2 лица (1 м и 1 ж) за аплицирање на ЕУ Проекти како резултат на проектот е израбтен Водич за развој на ЕУ проекти на локалните самоуправи којшто призлегува како Проектна активност достапен ан ВЕБ страната на Општина Свети Николе.

Во соработка со останатите одделенија и Сектори релевантни за економскиот развој, Одделението за локален економски развој и Јавни дејности се фокусираше на подготовка на апликации и проектно-техничка документација за повици од домашните и меѓународните фондови, како и изработка и реализација на плански документи.

Принципот на рамноправно учество на мажите и жените е вклучен како еден од основните принципи во оваа програма. Во тој поглед, термините кои се користат во оваа програма за лица од машки род, среден род или во множина (на пр: „претседател", „невработени лица", „ангажирани лица", „член", „консултант", „вработени", „посетители" итн.) се неутрални и се однесуваат и на мажи и на жени.

## II. Развојни приоритети

Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на локалниот економски развој во текот на 2025 година ќе биде насочена кон поддршка на локалниот економски развој според утврдените развојни правци во Стратегијата за локален економски, Програмата за енергетска ефикасност, Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП) како и други стратешки документи на Национално, регионално и меѓународно ниво.

## III. Основна Цел

Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности согласно развојните стратешки определби на Општина Свети Николе.

- **Генерална цел на програмата**

Континуиран развој на капацитетите на општина Свети Николе за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината. Активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови. Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Свети Николе.

- **Специфичкни цели на програмата**

Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инврестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства. Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови. Континуирано подобрување на енергетската ефикасност. Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти. Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

## IV. Носители на програмските активности

Носител на Програмата за Развој е Одделението за Локален екомоски развој и јавни дејсноти на општина Свети Николе кој во соработка и координација со Градоначалникот и останатите Сектори/Одделенија на Општина Свети Николе ја изготви оваа Програма и истите ќе биде одговорни за реализација на програмските активности.

## V. Очекувани резултати

Поддршка на локалнот економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции. Подобрена бизнис и туристичка промоција на општината Свети Николе на домашен и меѓународен план. Зајакнати капацитети за промоција на Општината и привлекување инвестиции, намалување на негативните ефекти од пандемијата како и еконеомската криза врз бизнис секторот. Зголемена енергетска ефикасност на објектите под надлежност и во сопственост на Општина Свети Николе. Активно учество на повици коишто се очекуваат во 2025 и тоа:

- ЈАВЕН ПОВИК за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА- Инфраструктурни проекти во општините за 2025 година од Министерството за локална самоуправа.
- Проект **„Општинско корисна работа"**, финансиски поддржан од УНДП, Министерството за Труд и Социјална политика и Агенцијата за вработување; Проектот се реализира во периодот од 6 до 9 месеци каде времено се ангажирани невработени лица (мажи и жени), со работен ангажман од 20 работни часа неделно и надоместок од 9000 денари бруто. Општината Свети Николе има потреба од кофинансирање износот ќе биде утврден по одобрување на активностите и бројот на ангажирани лица (мажи и жени).
- **Биро за регионален развој**, Министерство за локална самоуправа и тоа на:
    - o Јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој, развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата
    - o Програмата за регионален развој за 2025 година со индикативни средства за 2026 година (преку Центарот за развој на Вардарски плански регион).

  По одобрување на проектите ќе се определи и висината на потребното кофинансирање од страна на Општина Свети Николе.
- Согласно програмата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој за 2025 година општина Свети Николе ќе аплицира со проекти во трите мерки и тоа:
    - Мерка 321 – Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини,
    - Мерка 322 – Обнова и развој на села,
    - Мерка 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните средини, воедно општината ќе ја проба да ја искористи и можноста за аплицирање со проект во парнтерство со Центарот за развој ма Вардарскиот плански регион, како дел од програмата за развој на планските региони за 2025 година. Општина Свети Николе ќе има обврска да го финансира делот на ДДВ односно 18% од вкупната вредност на одобрените инвестиции/проекти од стран на АФПЗРР.
- **Програма за работно ангажирање – Јавни работи**. Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, во наредната 2025 година, Владата на Република Македонија, Агенцијата за вработувањње објавуваат Јавен повик за јавни работи, за ангажирање на евидентирани невработени мажи и жени со ниски клвалификации, во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво, во период од 22 работни дена. Вкупната сума за едно лице изнесува 600 денари бруто по ден. Општината Свети Николе има обврска од кофинансирање од 20% во овој дел од износот ќе биде утврден по одобрување на активностите и бројот на ангажирани лица (мажи и жени).
- Јавен оглас за финансирање на проекти за изградба, доградба, адаптација и опремување на објекти за проширување на капацитетите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст со средства од буџетот на Минисистерството за труд и социјална политика
- Министерство за труд и социјална политика, аплицирање за грант за развој на социјалните

услуги, согласно потребите коишто ќе се нотирани при самиот Социјален план.

- Министерство за животна средина и просторно планирање – Проект „Водоснабдување и одведување отпадни води“како и Програма за управување со водите, Конкурс за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2025 година; Изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителски објекти“ за користење на средства од Програмата за управување на водите за 2025 година.
- Министерство за образование ЈАВЕН ПОВИК за финансирање на проекти за изградба, доградба, надградба и реконструкција на училишни објекти на основни и средни државни, општински и училишта под надлежност на Градот Скопје со средства од Буџетот на Министерството за образование и наука.
- Општина Свети Николе во 2025 година планира да аплицира по јавни повици од странски амбасади присутни во Македонија со соодветни приоритетни проекти. Согласно насоките и критериумите, од страна на Амбасадите по одобрување на проектите ќе се определи и висината на потребното **кофинансирање** од страна на Општина Свети Николе.

Како и други јавни повици коишто ќе бидат активни во 2025 година, Општина Свети Николе при определување на приоритетите за аплицирање како и изборот на ангажираните лица (мажи и жени) ќе води сметка истите да овозможи еднаков пристап на можностите и потребите подеднакво во поглед на еднаквоста и недискриминацијата.

## VI. Програмски активности

Проектите на Општина Свети Николе во областа на локалниот економски развој ќе бидат насочени кон подобар развој на Општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. За реализација на активностите во 2025 година, предвидените активности, генерално можат да се групираат во следниве поглавја:

- **Поддршка на локалниот економски развој;**
- **Екологија Енергетска ефикасност;**
- **Туризам;**
- **Поддршка на регионалниот економски развој**

## А. ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

| Ред. бр. | Активност | Времетраење | Одговорни | Индикатори | Буџет на општина Свети Николе 2025 | Донација 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. **Г1-426990** | Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото | Континуирано 2025г. | Одделение за локален економски развој и јавни дејности (ЛЕР), Градоначалник | Најмалку 2 состаноци/годишно<br>Најмалку 1 организиран Настан<br>Најмалку 4 организации учесници.<br>Најмалку 30 посетители на настанот.<br>Најмалку 1 форум организиран<br>Најмалку 10 работодавачи – и најмалку 30 невработени лица<br>посетители на форумот во сите фази<br>Најмалку 1 Социјален дијалог со минимум 5 учесници (компании)<br>Јавен повик<br>1 Анкетен прашалник<br>Спроведен најмалку 1 Анкетен прашалник со МСП | 200.000 | 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.<br>**ФА-482910** | Зајакнување на капацитетите за локален економски развој и Подготовка на проекти | Континуирано 2025г. | Одделение за ЛЕР | Учество на најмалку 1 стручна обука, тренинг, семинар, работилница, конференција,<br><br>Ангажман на најмалку 1 Консултант или користење на услуги за специфични проектни активности, преводи и сл.<br>Одржана најмалку 1 десеминација од страна на лицата посетители на обуката до вработените во Одделението за ЛЕР и ЈД и други вработени во Општинската администрација, јавни претпријатија, установи и граѓанскиот сектор. | 100.000 | 0.00 |
| 3.<br>Г1-**425920** | Спроведување на активности од на Стратегија за локален економски развој на општина Свети Николе | Континуирано 2025г. | Одделение за ЛЕР<br>Оптина Свети Николе<br>Консултант | Релизација на активности/проекти | 300.000 | 0.00 |
| 4. | Online Анкетен прашалник за креирање на Програмите за работа на општина Свети Николе за 2025 година | Континуирано 2025г. | Општина Свети Николе | Спроведен 1 Анкетен прашалник | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **А -ВКУПНО:** | | **600.000** | **0.00** |

## Б. ЕКОЛОГИЈА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

| Ред. бр. | Активност | Времетраење | Одговорни | Индикатори | Буџет на општина Свети Николе 2025 | Донација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. **ГДО-482820** | Програмата за енергетска ефикасност и имплементирање на мерки и активности од Програмата (пставување на фотоволтајци на дел од оштинските институции) | Континуирано 2025г. | Општина Свети Николе | Најмалку 1 имплементирана мерка/активност за е.ефикасност | 1.000.000 | 0.00 |
| 6. R1- RA | Проект CityMove | Континуирано 2025г и 2026 | Општина Свети Николе | Имплентација на проектот | - | 7.703.968 |
| 7. R1-RA | Проект **Лабораторија на отпорност во Свети Николе - Resilience Lab Sveti Nikole** | Континуирано 2025г и 2026 | Општина Свети Николе | Имплентација на проектот | - | 9.066.000 |
| **Б ВКУПНО:** | | | | | **1.000.000** | **16.769.968** |

## В.ТУРИЗАМ

| Ред. бр. | Активност | Времетраење | Одговорни | Индикатори | Буџет на општина Свети Николе 2025 | Донација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. **Г2-425920** | Дизајн и печатење на промотивни материјали | Во текот на 2025г. | Одделение за Јавни набавки | Изготвени и испечатени 100 броја на промотивен материјал | 300.000 | 0.00 |
| 9. | Продолжување на Туристичко мапирање на Општина Свети Николе | Во текот на 2025г. | Одделение за ЛЕР | Изготвен Календар | 0 | 0 |
| 10. | Продолжување на Јавен повик за - фотографии за промотивен материјал | Во текот на 2025г. | Одделение за ЛЕР | 1 Јавен повик спроведен | 0 | 0 |
| **В-ВКУПНО:** | | | | | **300.000** | **0.00** |

## Г. ПОДДРШКА НА РЕГИОНАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

| Ред. бр. | Активност | Времетраење | Одговорни | Индикатори | Буџет на општина Свети Николе 2025 | Донација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 11. **Г1-426120** | Средства за членарина во стационар за кучиња ЗЈП ШЕПА | Во текот на 2025г. | Општина Свети Николе Одделение за буџет и буџетска координација. Буџетска контрола, сметководство и плаќање | | 663.000 | / |
| 12. **Г1-426120** | Членарина за ЗЕЛС | Во текот на 2025г. | Општина Свети Николе Одделение за буџет и буџетска координација. Буџетска контрола, сметководство и плаќање | | 160.000 | |
| **Г- ВКУПНО:** | | | | | **823.000** | **/** |
| **ВКУПНО** | | **А+Б+В+Г** | | | **2.723.000** | **16.769.968** |

** Општина Свети Николе е во исчекување на повици за алицирање, во коишто ќе има потреба од сопствено финансиско учество, поради што организацијата и реализацијата на самата - програмата ќе се прилагодува на фазите на имплементација на веќе одобрените и евентуалната имплементација на нови проекти финансирани од домашни и меѓународни организации

## VII. Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од **17.299.968** денари.

Програма ќе се реализира од следниве извори на Финансирање:

1. Буџет на Општина Свети Николе,
2. Буџет на Центарот за Вардарски плански регион
3. Буџетот на р. Македонија,
4. Меѓународни донатори присутни во Република Македонија,
5. Фондови достапни по Програми на Европска Унија,
6. Донации од приватниот Сектор

## VIII. Распоредување на буџетските средства

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општината.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

- **Поддршка на локалниот економски развој**

**1.** Поддршка на развојот на МСП и претприемништвото **ќе се овозможи со реализација на следниве модули и активности на соработка со МСП**

- **1.1. Одржување на консултативни состаноци со бизнис секторот од Општина Свети Николе.** Целта на овие сотаноци ќе биде и обезбедувањето на поголема комуникација и соработка помеѓу бизнис секторот и општината преку воспоставување на механизми за подиректен пристап помеѓу засегнатите страни.
- **1.2. Настан Денови на финансиска Информираност.** Во 2025 ќе се одржи манифестација на Градскиот плоштад како и низ Градскиот парк Александар Серафимов, пригоден настан на Денови на финансиска информираност. Учесници со поставување на свои штандови за информирање на мажи и жени на Општина Свети Николе ќе бидат претставници од финансиските институции како што се банките, штедилниците, друштвата за осигурување, друштвата за управување со инвестициски фондови, друштвата за управување со пензиски фондови и микрофинансиските институции, на коишто ќе понудат одговор на сите прашања на посетителите и ќе се обидат преку непосреден разговор и презентација на актуелните производи да ги понудат најповолните услови за сите видови кредити и депозити, најдобрата полиса за осигурување на имот, патничко осигурување или осигурување од незгода, да понудат склучување договор за животно осигурување или да ги презентираат најдобрите опции за инвестирање.
- **1.3. Обуки за подигнување на вештини и знаења (организација на обуки за информирање, едуцирање, доквалификации или преквалификации на човечките ресурси во стопанството) Преку:**
  **1.3. Форум на работодавачи во Општина Свети Николе (Денови на кариера).** Настан коишто би се одвивал во 3 фази:
  - **1 Фаза** презентирање на активните програми и мерки за вработување на Националниот оперативниот план за вработување од страна на Центарот за вработување Свети Николе 1 дел кон заинтересираните работодавачи на територијата на Општина Свети Николе, како и презентирање на активните програми и мерки до заинтересираните невработени лица (мажи и жени) за вработување и самовработување. Терминот за Одржување ќе зависи од донесување на Оперативниот план за вработување на Национално ниво.
  **- 2 фаза** Едукативен дел за девојчиња и момчиња и невработени лица (мажи и жени) во помош при изработка на Биографија Curriculum Vitae (CV) и Мотивационо писмо од страна на Центарот за вработување Свети Николе, како и правата од работен однос.
  **- 3 фаза** со јавен повик и во директна комуникација ќе бидат повикани Претставници на одделенијата за човечки ресурси на претпријатијата заинтересирани за вработување од Територијата на Општина Свети Николе како и Технолошко индустриски развојни зони и др. Работодавачи на Национално ниво, на коишто ќе им се дозволи да ги презентираат своите отворени позиции, да ги претстават условите коишто Тие им ги нудат на заинтересираните лица (мажи и жени) коишто би сакале да се вработат во нивната организација како и да прибираат барања за вработување и Биографии Curriculum Vitae (CV) на заинтересирани невработени лица (мажи и жени) од Општина Свети Николе.
- **1.4. Ажурирање на Листи/База** на информации за: институциии, организации и фирми кои нудат услуги за развој на приватниот сектор (НВО агенции, консалтинг

фирми, локални единици и единици на владини агенции, правници, нотари, сметководители и сл.).

- **1.5. Спроведвуање на анкетни прашалници со МСП**
- **1.6 Организација на Социјален дијалог – настан „Учи паметно работи стручно“**
- 1.7. **Потврди ИПАРД** - Општина Свети Николе ќе продолжи со благовремено издавање на потврди за потребите на локалните апликанти за искористување на средсрва од програмите на ИПАРД.
- **1.8.** Информирање на МСП и граѓанскиот сектор. Одделението за Локален економски развој и јавни дејнсоти преку своите канали на информирање ќе продолжи постојано да ги информира МСП и грѓанаскиот сектор за актуелни повици од национални и меѓународни организации и донатори. – креирање на viber community group Локален развој Свети Николе

**Како и можност за**

- **1.9 Поддршка на активностите за промоција на постојните капацитети и соработка со можни инвеститори (постојни хали и изнамјување на истите, опрема и човечки ресурси)**
- **1.10 Заедничка промоција и маркетинг (заедничко општинско настапување и учество на саеми и други форми на презентација на општината и стопанството). Настапот на саеми како и организација на локални саеми би се реализирала по пат на меѓусебно партнерство**
- **1.11. Изрботка на регистири за посебни области од МСП на територијата на Општина Свети Николе.**

**2. Зајакнување на капацитетите за локален економски развој и Подготовка на проекти**
Успешноста на реализација на зацртаните проектни активности на вработените во одделението за Локален Економски Развој е најдиректно поврзано со степенот на нивната обучност и стручност. Бидејки се работи за сложена и комплексна проблематика согласно Европските стандарди, неопходно е континуирано подигнување на капацитетите на човечките ресурси во одделението за Локален економски развој и Јавни дејности. Доказ за важноста на оваа проблематика е и тоа што во Европските претпристапни фондови (ИПА), цела една компонента е посветена токму на овој процес на континуирано стекнување на нови знаење и приближување кон европските стандарди.
Оваа програма за подигнување на капацитетот на човечките ресурси, планирано е да се оствари преку: Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции, Консултанти услуги за специфични проектни активности.
При селекција на учесници општината ќе овозможи еднаков пристап на можностите за подигање на капацитетите подеднакво во поглед на еднаквоста и недискриминацијата.

**3. Спроведување на активности од на Стратегија за локален економски развој на општина** Свети Николе,
При изборот на активностите ќе се овозможи еднаков пристап на можностите подеднакво во поглед на еднаквоста  на полот и недискриминацијата. Дел од активнсотите од истата се составен дел и од други Програми.

**4. Online Анкетен прашалник за креирање на Програмите за работа на општина Свети Николе за 2025 година –** По пат  на Овој Анкетен прашалник кои ќе се спроведе во текот на 2026 година ќе се овозможи учество на граѓаните при формирањето на програмите за работа на Општина Свети Николе. Како и Прашалник за проценка на локалните потреби и капацитети во руралните области на територијата на општините Свети Николе.

- **Екологија Енергетска ефикасност**

**5.** Проект CityMove кофинансиран од ЕУ во рамките на програмата Interreg IPA Adrion Покрај урбана опрема за урбана мобилност, проектот ќе развие апликација за велосипедски и пешачки патеки, локални планови за урбана мобилност и транснационален план за урбана мобилност со каталог на практични решенија во оваа област. Ќе се одржи ден без автомобили заедно со локална велосипедска трка.

6. **„Лабораторија на отпорност во Свети Николе - Resilience Lab Sveti Nikole“ (ResLabSN – број на проект 240193), финансиски поддржан од EIT Climate - KIC во рамки на програмата „Pathways2Resilience"** - проект помеѓу општина Свети Николе како водечки партнер и SmartU – Social innovation Lab Скопје како проектен партнер. Целта на RLSN е да ги постави основите на системски пристап кон развивање на отпорност, кој значајно ја интегрира климатската адаптација, адресирајќи ги јазовите во клучните услови за овозможување и клучни системи на заедницата.

**7. Имплементација на мерки и активности согласно Локалниот еколошки акционен план** Постојат определени мерки и активности коишто ќе треба да се имплеметираат во 2025 година да се реализаираат согласно ЛЕАП-от на Општина Свети Николе.

**Туризам**

**8. Дизајн и печатење на промотивни материјали.** Средствата се предвидени за печатењеи и дизајн на рекламени и промотивни материјали за потребите на Општина Свети Николе.

**9. Продолжување на туристичко мапирање на Општина Свети Николе.**

Тргнувајки од потребата од научна заснованост и историска верифицирансот, како и навремена организација за обележување на настаните, манифестациите, јубилеите, годишнините на значајни настани и истакнати личности во Општина Свети Николе, Општина Свети Николе во соработка со јавинте установи/служби, здруженија на граѓани, месните заедници и други заинтересирани субјекти во Општина Свети Николе има за цел краткорочно

• изготвување на Календар на настани за обележување на манифестации, јубилеи, годишнини на значајни настани и на истакнати личности во Општина Свети Николе, како и

• мапирање на културни или природни знаменитости како можни туристички атракции, како и локалитети, правни субјекти и организации од значење за начинот на живот (културен, традиционален, верски и др.) и работа на жителите на Општина Свети Николе.

Којашто понатаму Би резултирала со изработка на:

• Програма за обележување на јубилејни годишнини на значајни настани и на истакнати личности во Општина Свети Николе;

• Регитар со календар на традицонални настани и манифестации кои се одржуваат на територијата на Општина Свети Николе кои се од значење за начинот на живот (културен, традиционален, верски и др.) и работа на жителите на Општина Свети Николе;

• Регистар на локалитети, културни и природни знаменитости и спомен обележја на територијата на Општина Свети Николе кои се од значење за начинот на живот (културен, традиционален, верски и др.) и работа на жителите на Општина Свети Николе.

• Програма за обележување на значајни настани и истаканти личности со спомен

обележја.

•Регистар на спомен обележја.

**10. Продолжување на Јавен повик за - фотографии за промотивен материјал на тема Старо Свети Николе**

Општина Свети Николе е во фаза на подготовка материјал за општината на тема Староо Свети Николе, каде ќе доминираат фотографии од старо Свети Николе, истакнати историски и културни дејци, инфраструктурни објекти, економски објекти – продавници, фабрики, занаетчии, претпријатија и др., урбани детали, градежни објекти, пејзажи од Свети Николе и околината, панорамски фотографии, фотографии од манифестации и секаков друг вид фотографии кои ќе послужат за изработка на промотивен материјал со кои ќе се промовира Општина Свети Николе пред пошироката македонска и меѓународна јавност.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе" а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр.0801- 972**
**26.12.2024 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
____________________
**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 6, став 1 од Законот за социјална заштита (Сл.весник на РМ-бр.21/06), Советот на Општина Свети Николе на **56** седницата одржана на 26.12.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
# за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјална и детска заштита за 2025 година

## I. ВОВЕД

Програмата за социјална заштита на Општина Свети Николе дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита на жените и мажите, за да се придонесе кон унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на жените и мажите и децата од општина Свети Николе. Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните на ниво на локална самоуправа, е составен дел од Буџетот на Општина Свети Николе за заштита, помош и поддршка на жените и мажите во социјален ризик, жените и мажите со попреченост, старите лица односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид кој што може да има последици врз нивната добробит, како и децата.

Основната цел на Програма за социјална заштита е развој на интегрален, транспарентен, одржлив и ефективен систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците кои живеат на територијата на Општина Свети Николе. Со оваа програма се регулира и поблиската соработка помеѓу централната власт претставувана од Министерството за труд и социјална политика и центрите за социјална работа, со локалната власт, на полето на социјалната заштита.

Програмата за социјална заштита се заснова на Законот за социјална заштита, Законот за изменување и дополнување на законот за социјална заштита, Законот за заштита на децата, Програмата за остварување на социјалната заштита, како и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната заштита, но и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината Свети Николе, со кои се уредени правата од областа на социјалната заштита.

## II. ЦЕЛИ

**Основни цели на оваа Програма се:**

- Обезбедување активен однос на Општина Свети Николе и Советот на општина Свети Николе кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната и детска заштита;
- Активна соработка со институциите на локално и национално ниво, со невладиниот и приватниот сектор;
- Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;

- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Подобрување на стандардот на жените и мажите;
- Создавање услови за поквалитетни услуги на машките и женските деца од предучилишна возраст;
- Поддршка, интеграција и создавање на квалитетни услови за децата со попреченост во образовниот и социјалниот процес.
- Развој и раст на социјалните услуги на територијата на Општина Свети Николе со почитување на законските правила и принципот на еднакви можности за социјална заштита, детска заштита.

## III. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната и детска заштита ги реализира согласно **Социјалниот план на општина Свети Николе 2024-2027 бр.0903-132/4 од 07.02.2024.** Активностите во Општина Свети Николе ќе се реализираат во три области:

**Област 1.** Социјална заштита

**Област 2.** Детска заштита

**Област 3.** Реализација на активности и манифестација на важни датуми од социјалната област како и реализација на други непланирани активности по барања од граѓани.

### ОБЛАСТ 1- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Согласно членот 4, став 1, точка 2 од Законот за социјалната заштита, “Социјален ризик” е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредена група, која може да дојде во состојба да има потреба од социјална помош. Основните социјални ризици на кои е изложен поединецот во смисла на овој закон се: мајчинство, болест, старост, смрт, повреда и попреченост.

Во оваа област, се опфатени лицата во социјален ризик како целна група, кои се предвидени и во Законот за социјална зашита, и тоа:

- Лица кои се социјално загрозени;
- Лица кои се приматели на одредена помош и кои не се способни за работа или им е одземена работната способност;
- Стари и изнемоштени лица без семејна грижа;
- Самохрани родители;
- Лица жртви на семејно насилство и секаков друг тип на насилство;
- Лице со попреченост
  *Лица со интелектуална, телесна попреченост и друг вид на попреченост;
  *Лица со интелектуална попреченост кои се корисници на Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост;
  *Невработени лица кои се на листата на невработени во Центарот за вработување во Општина Свети Николе;

► **Отворени денови за корисници на социјална парична помош како и жители кои се во положба на социјални потреби во урбаната и руралните средини**, ќе се реализира во соработка со Општинскиот совет за социјална заштита и Центарот за социјална работа. Средби со жителите на кои ќе се информираат за правата и услугите од социјалната заштита со законските измени, условите и постапката за остварување на правата и поволностите кои ги имаат како корисници на социјална парична помош и новите мерки за вработување, мотивација на луѓето од руралните средини да не се стремат да бараат работа во урбаните средини, туку да го искористат се она што го имаат во своето опкружување.

►**Е-информатор за социјална заштита –** ќе се постави банер на вебстраната и директно на истиот, од едно место, граѓаните ќе можат да добиваат информации и активности кои Општина Свети Николе ги спроведува во областа на социјална заштита.

► **Исплата на Еднократна парична помош** согласно Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и помош во натура, бр. 0801-327 од 22.02.2023г., наменет за:

- лица со попреченост – жени и мажи, како и на нивните семејства;
- семејства во кои не работи ниту еден член;
- семејства во кои работи само еден член од семејството;
- семејства настрадани од елементарни непогоди;
- социјално загрозени лица;
- за лекување;
- за смртен случај;
- за новороденче;
- за прво новороденче;
- за прваче (се предвидени во Програма за образование);
- за средношколци - редовни ученици запишани во прва учебна година во средно училиште на територијата на општина Свети Николе (се предвидени во Програма за образование);
- помош во натура (социјално и материјално загрозени лица за поправка и оспособување на дом и вид на социјални пакети за новородени деца од семејства кои се нашле во положба на социјална односно материјална загрозеност, жители на општина Свети Николе).

► **Исплата на Еднократна парична помош** за жртви на семејно насилство и секаков друг вид на насилство, за жени и мажи - жители на општина Свети Николе.

► **Исплата на Еднократна парична помош** за самохрани родители, жени и мажи - жители на општина Свети Николе.

► **Поддршка на социјално ранливи категории**

- Социјални пакети по повод празнување на патронот на градот „Свети Николај“- Општина Свети Николе во континуитет доделува социјални пакети на социјално ранливи категории и лица од руралните средини.
- Социјални пакети за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди - Во случај на несреќи и елементарни непогоди, Општината секоја година предвидува средства за помош на семејствата зафатени од непогодите.
- Народна кујна. За социјално загрозени семејства, преку Народна кујна континуирано ќе се обезбедува топол оброк и за 2025 година.

► **Поддршка на лица со попреченост**

- Новогодишни подароци за лицата со попреченост. Општината во континуитет предвидува средства за новогодишни подароци за лицата со попреченост кои престојуваат во Дневниот центар и заедно со програма од овие лица се одбележува почетокот на Новата година и Божиќните празници.
- Летен камп за лицата со попреченост. Во континуитет, лицата со попреченост во месец Август престојуваат во детското одморалиште во Стар Дојран со нивните родители.
- Превоз на две деца со попреченост од рурални средини да можат да го посетуваат Центарот за поддршка при ООУ Свети Кирил и Методиј и да работат со специјален рехабилитатор.

► **Проект „Општинско корисна работа – ОКР“**. Општина Свети Николе во соработка со Агенција за вработување, МТСП и УНДП секоја година поднесува предлог проект и за 2024/2025 се одобрени следниве активности:

- Детска градинка „Рахилка Гонева“ - Негувател - 4 позиции,
- Дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост - Негувател - 1 позиција и Фасилитатор за унапредување на правата на лицата со попреченост во Дневниот центар за лица со попреченост - 1 позиција,
- Општина Свети Николе – Младински коордниатор за унапредување на младински активизам во насоки на подобрување на социјални услуги на локално ниво - 1 позиција
- ООУ „Даме Груев“ с.Ерџелија – Фасилитатор за поддршка во редовно основно образование во ООУ „Даме Груев“ с.Ерџелија – 1 позиција
- СОУ „Кочо Рацин“ – Образовен асистент – 1 позиција и Личен асистент – 2 позиции.

► **Локално координативно тело за борба против семејно насилство и секаков вид на насилство –** Општината заедно со ОЖО, го отпочнуваат реактивирањето на телото, кое е формирано во 2011 година, и истото ќе отпочне со активности во 2025 година.

►**Обезбедување на нега на стари лица -** Општина Свети Николе во соработка со Организација на жените на општина Свети Николе (ОЖО) се вклучли во програма „Кластер на учење“ реализирана од страна на ЗЕЛС. Преку програмата, под менторство на експерт за креирање на социјални услуги, Општина Свети Николе и ОЖО се насочени кон

креирање на социјална услуга „Помош и нега во домот“ – социјална услуга за грижа на болни и изнемоштени лица за помош и нега во домот. Следен чекор за отпочнување со оваа активност е ОЖО да отпочне процес на лиценцирање како провајдер, за да може оваа услуга да биде развиена во најбрзо време, поради нејзината итност и потреба.

► **Локален совет за превенција –** Општината донесе Одлука за именување на членови во Локален совет за превенција при Општина Свети Николе бр.0801-843 од 17.09.2024 година, и истиот ќе отпочне со активности во 2025 година.

► **Локално економско – социјален совет –** Општината во соработка со невладин сектор имаше неколку активности за активирање на Советот и истиот ќе продолжи со активности во 2025 година.

**ОБЛАСТ 2 - ДЕТСКА ЗАШТИТА**

Општина Свети Николе, во рамките на остварување на основните цели и задачи дефинирани во оваа програма врз основа на надлежностите на општината во областа на детската заштита, ќе ги реализира следните активности кои се предвидени во оваа област како и активности кои се предвидени во Социјалниот план на општина Свети Николе 2024 - 2027:

►**Новогодишни подароци за децата од градинката и за лицата со попреченост во Дневниот центар.**

- Општината во континуитет предвидува средства за новогодишни подароци за децата од градинката и лицата со попреченост и заедно со програма од овие дечиња и лица се одбележува почетокот на Новата година и Божиќните празници.

► **Надоместок за партиципација на деца од детска градинка**. Согласно член 53 од Законот за заштита на деца, МТСП донесе правилник за критериуми за остварување на право на партиципација.

►**Зголемување на капацитетите на детските градинки.**

Детската градинка Рахилка Гонева, за 2025 година, доколку обезбеди финансиски средства преку донации, планира да ги реализира следниве градежни работи и набават следниве стоки:

- Реконструкација на тоалет за возрасни во клон 1 (дел 1 – јасли)
- Работи за реконструкација на ограда за двата објекта
- 5 клима уреди за опремување на занимални и магацин
- Детско катче во кло 2.

►**Активности за намалување на број на деца во судир со законот – малолетничка деликвенција –** Општината преку Општинскиот совет за превенција од детско престапништво, ќе спроведува активности за 2025 година. ОСПДП веќе изготви програмата за работа за 2025 година, и истата ќе биде реализирана.

**ОБЛАСТ 3. РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ И МАНИФЕСТАЦИЈА НА ВАЖНИ ДАТУМИ ОД СОЦИЈАЛНАТА ОБЛАСТ КАКО И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДРУГИ НЕПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ПО БАРАЊА ОД ГРАЃАНИ**

► **Одбележување на меѓународни денови –** Организирање на манифестација и учество на лица со попречености на различни манифестации на значајни датуми организирани од Општината како:

- Одбележување на 3-ти декември, Меѓународниот ден на лица со попреченост. На 3-ти декември меѓународниот ден на лица со попреченост, Градоначалникот на Општина Свети Николе во континуитет ги посетува лицата кои престојуваат во Дневниот центар за лица со попреченост, за кој ден со подароци, коктел и програма подготвена од овие лица се одбележува денот.
- Одбележувањето на денот на инвалидизираните лица се реализира во организација на Здружението на инвалиди на трудот и со Буџетот на Општина Свети Николе се предвидени во програмата К4 каде се наогаат сите невладини организации.
- Организирање на настан „Божикно село“ со хуманитарен карактер за 2025 година (период пред Нова година и Божиќ).

**АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Во Општина Свети Николе делуваат неколку здруженија на граѓани чија основна цел е социјализација и инклузија на социјално загрозени лица, стари и изнемоштени лица, маргинализирани групи и зависници од droги и други наркотици и Општината преку програмата за НВО ќе ги поддржи овие здруженија во реализација на нивните активности.

Други форми на активности, кои ќе бидат поддржани со средства од Буџетот на Општина Свети Николе се:

- обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,
- организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

Општината и невладините организации кои дејствуват во општина Свети Николе заедно ќе продолжат да организираат хуманитарни акции и донации за обезбедување финансии, храна, облека и сл. за жителите на општината.

Во текот на оваа година се креираше поделена статистика мажи/жени врз основа на поднесените барања за доделување на еднократната парична помош со цел да се утврди користење на средствата од Буџетот од страна на мажи и жени во општината и во

континуитет, секоја година ќе продолжи да се ажурира.

**За сите погоре наведени активности, во прилог следува табеларниот приказ во EXCEL Програма за приходите и расходите за Буџет на Општина Свети Николе за 2025 година.**

**ПРИХОДИ**

| Р.бр. | ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ | БУЏЕТ 2025 |
|---|---|---|
| 1 | Средства обезбедени од блок дотациии | 47.549.890 |
| 2 | Средства обезбедени од целодневен престој - самофинансирачки средства | 12.112.000 |
| 3 | Средства обезбедени од донации | 950.000 |
| 4 | Средства обезбедени од Буџетот на општина Свети Николе | 3.630.000 |
| **ВКУПНО** | | 64.241.890 |

**РАСХОДИ**

| Р.бр. | АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕТРАЕЊЕ | ОДГОВОРНИ | ИНДИКАТОРИ | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА ОПШТИНА 2025 год | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1. Област I - Социјална заштита** | | | | | | **3.920.000** |
| 1.1. | Исплата на Еднократна парична помош за жени и мажи - жители на општина Свети Николе согласно Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и помош во натура бр. 0801-327 од 22.02.2023г.<br>**ВКУПНО** | Континуирано 2025г. | Градоначалник и Комисија од Општина | Најмалку 400 жители - жени и мажи кои добиле еднократна парична помош | 0 | 1.500.000 | **1.500.000** |
| | Лица си попреченост V1 – 471110 | | | % на лица со попреченост кои добиле еднократна парична помош | 0 | 100.000 | 100.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Семејства во кои не работи ниту еден член<br>V1 – 471110 | | | % на м/ж кои добиле еднократна парична помош | 0 | 200.000 | 200.000 |
| | Семејства во кои работи само еден член<br>V1 – 471110 | | | % на м/ж кои добиле еднократна парична помош | 0 | 200.000 | 200.000 |
| | Социјално загрозени лица<br>V1 – 471110 | | | % на м/ж кои добиле еднократна парична помош | 0 | 300.000 | 300.000 |
| | За лекување на болни лица<br>V1 – 471110 | | | % на м/ж кои добиле еднократна парична помош | 0 | 200.000 | 200.000 |
| | Новороденче и за прво новороденче<br>V1 – 471230 | | | % на новороденчиња кои добиле еднократна парична помош | 0 | 500.000 | 500.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2. | Еднократна парична помош за самохрани родители - жители на општина Свети Николе V1 - 471990 | Континуирано 2025г. | Градоначалник и Комисија од Општина | % на самохрани родители кои добиле еднократна парична помош | 0 | 200.000 | 200.000 |
| 1.3. | Еднократна парична помош за жртви на семејно насилство - мажи и жени - жители на општина Свети Николе V1 – 471110 | Континуирано 2025г. | Градоначалник и Комисија од Општина | % на жртви на семејно насилство кои добиле еднократна парична помош | 0 | 100.000 | 100.000 |
| 1.4. | Социјални пакети по повод празнување на патронот на градот „Свети Николај“ V1 – 423410 | Декември 2025 г. | Општина Свети Николе Центар за социјална работа | Најмалку 100 поделени социјални пакети | 0 | 300.000 | 300.000 |
| 1.5. | Социјални пакети за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди V1 – 423710 | Во текот на 2025г. | Општина Свети Николе | % на поделени социјални пакети | 0 | 200.000 | 200.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.6. | Новогодишни подароци за лицата со попреченост V1 – 423990 | Декември 2025 г. | Општина Свети Николе Дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост | Најмалку 10 поделени новогодишни пакети | 0 | 50.000 | 50.000 |
| 1.7. | Летен камп за лицата со попреченост V1 – 423410 | Август - Септември 2025г. | Општина Свети Николе Дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост | Најмалку 10 лица со попреченост | 0 | 100.000 | 100.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.8. | Општинско корисна работа - ОКР Програмата ОКР 2024-2025 (партнерски проект помеѓу Општина Свети Николе, Агенција за вработување, МТСП и УНДП)<br>- Детска градинка „Рахилка Гонева“ - Негувател - 4 позиции,<br>- Дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост - Негувател - 1 позиција и Фасилитатор за унапредување на правата на лицата со попреченост во Дневниот центар за лица со попреченост - 1 позиција,<br>- Општина Свети Николе – Младински коордნатор за унапредување на младински активизам во насоки на подобрување на социјални услуги на локално ниво - 1 позиција<br>- ООУ „Даме Груев“ с.Ерџелија – Фасилитатор за поддршка во редовно основно образование во ООУ „Даме Груев“ с.Ерџелија – 1 позиција<br>- СОУ „Кочо Рацин“ – Образовен асистент – 1 позиција и Личен асистент – 2 позиции<br>V1 – 425990 | Јануари - Мај 2025г. | Општина Свети Николе Одделение за локален економски развој | Најмалку 50 деца посетители на Детска градинка<br>5 негователи<br>2 фасилитатор и 1 неговател<br>1 млдински координатор<br>2 лични асистенти и 1 образовен асистент<br>% на подобрени социјални услуги на локално ниво | 950.000 | 350.000 | 1.300.000 |
| 1.9 | Активности на Локално координативно тело за борба против семејно насилство и секаков друг вид на насилство<br>V1-425990=20.000<br>423410=5.000<br>421440=5.000 | Континуира но 2025г. | Општина Свети Николе Членови на телото | Најмалку 3 активности | 0 | 30.000 | 30.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.10. | Социјална услуга „нега во домот“ за стари лица (канцеларија/промотивен материјал) V1-423110 | Континуирано 2025г. | Општина Свети Николе Провајдер | 1 социјална услуга % на опслужени стари лица | 0 | 20.000 | 20.000 |
| 1.11 | Активности на Социјален совет на општина Свети Николе (отворени денови и сл.) V1-425990=10.000 423410=5.000 421440=5.000 | Континуирано 2025г. | Општина Свети Николе Членови на Совет | Најмалку 3 активности | 0 | 20.000 | 20.000 |
| 1.12 | Исплата на финансии за родителите кои ги превезуваат двете деца со попреченост од рурални средини во Центарот за поддршка при ООУ Свети Кирил и Методиј V1 – 471110 | Јануари - Јуни и Септември -Декември 2025г. | Општина Свети Николе и ООУ Даме Груев | 2 деца корисници на Центарот за поддршка | 0 | 50.000 | 50.000 |
| 1.13 | Активности на локален совет за превенција V1-425990=10.000 423410=5.000 421440=5.000 | Континуирано 2025г. | Општина Свети Николе Членови на Совет | Најмалку 3 активности | 0 | 20.000 | 20.000 |
| 1.14 | Активности на локално економско социјален совет V1-425990=20.000 423410=5.000 421440=5.000 | Континуирано 2025г. | Општина Свети Николе Членови на Совет | Најмалку 3 активности | 0 | 30.000 | 30.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Област II - Детска заштита** | | | | | | **260.000** |
| 2.1. | Новогодишни пакетчиња за децата во детската градинка<br>V1 - 423410 | Декември 2025 г. | Општина Свети Николе Детска градинка | Најмалку 300 деца | 0 | 200.000 | 200.000 |
| 2.2. | Надоместок за партиципација на деца од детска градинка Согласно член 53 од Законот за заштита на деца, МТСП донесе правилник за критериуми за остварување на право на партиципација<br>V1 – 471990 | Континуирано 2025г. | Општина Свети Николе Детска градинка | % на згрижени деца од загрозени семејства | 0 | 40.000 | 40.000 |
| 2.3. | Активности за малолетничка деливенција - Општински совет за превенција од детско престапништво<br>V1-425990=10.000<br>423410=5.000<br>421440=5.000 | Континуирано 2025г. | Општина Свети Николе ОСПДП | Најмалку 3 активности за превенција | 0 | 20.000 | 20.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Област III - Реализација на активности и манифестација на важни датуми од социјалната област како и реализација на други непланирани активности по барања на граѓани** | | | | | | **280.000** |
| 3.1. | Одбележување на 3-ти декември - Меѓународниот ден на лица со попреченост<br><br>V1 - 423990 | Декември 2025 г. | Општина Свети Николе Дневен центар за лица со телесна и ментална попреченост | Најмалку 5 лица со попреченост | 0 | 50.000 | 50.000 |
| 3.2. | Настан „Божикно село“<br><br>V1-425990=20.000<br>426990=10.000 | Декември 2025 г. | Општина Свети Николе НВО | Најмалку 3 активности | 0 | 30.000 | 30.000 |
| 3.2. | Други договорни услуги<br><br>V1-425990 | | | | 0 | 200.000 | 200.000 |
| | **ВКУПНО ОД 1 ДО 3** | | | | | | **4.460.000** |

| Р.бр. | АКТИВНОСТИ | ДОТАЦИЈА 2025 | БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ 2025 | ДОНАЦИЈА 2025 | БУЏЕТ НА ОПШТИНА 2025 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **4. Трансферни средства** | | | | | |
| 4.1. | Блок-дотации Детска градинка - плати | 38.757.777 | | | | 38.757.777 |
| 4.2. | Блок-дотации Детска градинка – материјални трошоци | 8.792.113 | | | | 8.792.113 |
| 4.3. | Расходи од самофинансирање – детска градинка | | 12.112.000 | 950.000 | | 12.112.000 |
| | **5. Капитални инвестиции** | | | | | |
| 5.1. | Санација и адаптација на простор за детско одморалиште во Стар Дојран | | | | 120.000 | 120.000 |
| | **ВКУПНО** | 47.549.890 | 12.112.000 | 950.000 | 3.630.000 | **64.241.890** |

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на социјалната заштита утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата од Буџетот на Општина Свети Николе предвидени за 2025 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Свети Николе ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од социјалната сфера, со цел обезбедување на финансиски средства и друга помош, и тоа од:

- Министрерството за труд и социјална политика на Република Македонија;
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство.

## VII. РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на Општината.

Дополнителни проекти и активности ќе предлага Комисијата за општествени дејности и Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените при Советот на Општина Свети Николе.

Во исклучителни случаеви, доколку барателите за еднократна парична помош се лица со тешки финансиски и здравствени состојби, Советот има исклучително право да донесе одлука за исплата на поголема сума од сумите кои се предвидени во горнонаведените области.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Комисијата за општествени дејности го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе" а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр.0801- 965**
**26.12.2024 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседателка,**

____________________

**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 14, став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на РСМ“ бр.53/21) и член 6, став 1 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр.21/06), Советот на Општина Свети Николе на **56** седницата одржана на 26.12.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
# за еднакви можности на жените и мажите во Општина Свети Николе за 2025 година

## I.ВОВЕД

Општина Свети Николе во соработка со Комисија за еднакви можности на мажите и жените при Совет на Општина Свети Николе, здруженија на граѓани кои работат во сферата на еднаквите можности на жените и мажите, локалните совети кои ги има формирано Општина Свети Николе составени од преставници на релевантни институции и жителите (мажи и жени[1]) изработија Нацрт – Програма за еднакви можности за 2025 година, опфаќајќи ги механизмите за унапредување на рамноравноста помеѓу жените и мажите и приоритетни области на делување.

**II. ЦЕЛ на Програмата** е да го промовира принципот за воспоставување на рамноравност помеѓу жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на државата. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорира рамноправноста во локалната политика, да ја унапреди состојбата на жените и мажите на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националната стратегија за родова еднаквост 2022-2027 и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

**Главна задача на Општината** и Комисијата е да работат на унапредување на состојбата на жените и мажите и обезбедување рамноправност помеѓу мажите и жените на локално ниво преку процесот на изготвување и усвојување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати. Како задача е и вклучување на концептот на еднаквите можности во процесот на проценување на импликациите од несоодветната вклученост на жените и мажите во секоја планирана акција како во политиките така и во програмите во секоја област.

---

[1] Под жена се подразбира лице родено со женски биолошки пол, а под маж се подразбира лице родено со машки биолошки пол, без разлика на нивните внатрешни чувства или самоидентификација.

Воспоставувањето на еднаквите можности е обврска на целото општество и претставува отстранување на пречките за остварување на рамноправност меѓу жените и мажите. Преку промоција на принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите се влијае на отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите и се воспоставуваат услови за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење. Во тој контекст постигнувањето на рамноправност значи да се работи со мажите и жените во сите сектори, но со посебен осврт на оние кои ги донесуват одлуките и кои влијаат на политиките и активностите на локално и на национално ниво.

## III. ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

### 1. Механизмите за унапредување на рамноправноста помеѓу жените и мажите

Развојот на капацитетите на човечките ресурси на локалната администрација, вклучувајќи ја и интерсекторската група, и на членовите на Советот на општината, вклучувајќи ја и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, е неопходност заради вметнување на концептот на еднакви можности во сите локални политики. Преку реализирање на едукативни работилници, обуки, семинари би се зајакнале капацитетите на човечките ресурси во општината и членовите на комисијата и би се подигнала свеста за важноста од учеството на жените и мажите, од урбаната и руралните средини, во политичкиот и јавниот живот, а посебно во процесите на одлучување. Показатели за состојбата на вклученост ќе се согледува и преку ажурирање на статистички податоци од кои ќе се воочува јазот кој постои кај жените и мажите во различни области.

### 2. Социјална заштита

Социјалната заштита како систем на мерки, активности и политики е насочена кон спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен секој човек, а Општината го реализира со доделување на минимална парична помош преку Правилникот за утврдување на критериуми, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и помош во натура. Општината во 2024 година го изготви и се усвои од страна на Советот, стратешкиот документ Социјален план на општина Свети Николе 2024-2027 кој е неопходен услов кој дава насоки како постепено да се прават промени. Општина Свети Николе има неколку локални совети кои започнаа со работа во претходната година и во текот на оваа година, ќе продолжат со конкретни активности да работат на проблемите од социјалната сфера. Свесноста на мажите и жените во однос на семејното насилство и секаков друг вид на насилство е исто јаз на кој треба да се работи, а преку локалното тело ќе се направат напори покоординирано и побрзо да се разрешуваат случаи на семејно насилство и секаков друг вид на насилство во општината.

### 3. Економски развој

Економскиот развој претставува еден од најзначајните фактори и цел во постигнувањето на еднакви можности на жените и мажите. Општината ќе се насочи кон економско зајакнување на жените и мажите преку промовирање на претприемништвото, обуки за финансиска писменост, како и средби со жителите на кои ќе се информираат за правата и услугите од социјалната заштита со законските измени, условите и постапката за остварување на правата и поволностите кои ги имаат како корисници на социјална парична помош и новите мерки за вработување, мотивација на луѓето од руралните средини да не се стремат да бараат работа во урбаните средини, туку да го искористат се она што го имаат во своето опкружување.

**4. Здравство**

Здравството претставува значајна област во која е неопходно инкорпорирање на концептот на еднакви можности. Во оваа област покрај Општината ќе се вклучи и Комисијата, кои ќе се залагаат за подобрување на здравјето кај жените и мажите преку преземање на активности за подигање на свеста на жените и мажите за постоење на превентивни програми, а посебно залагање за имлементирање на програмите за репродуктивното здравје (бесплатни гинеколошки и мамографски прегледи и прегледи на простата) на локално ниво. Исто така, зависностите (дрога, алкохол, обложување) е проблем кон кој треба да се насочеме преку реализација на едукативни активности, а во предавањата да бидат вклучени стручни лица, но и полициски претставници, рехабилитирани лица, лекари и слично. Општината ќе се насочи во креирање на локално тело кое ќе работи на превенција во здравјето на мажите и жените од општината.

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ за 2025 година

| **Цел 1. Воспоставување на механизми за унапредување на рамноправноста помеѓу жените и мажите во општина Свети Николе** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕТРАЕЊЕ** | **ОДГОВОРНИ** | **ИНДИКАТОРИ** | **БУЏЕТ на ОПШТИНА** |
| 1.1. Одржување на состаноци и тим билдинг активности со интерсекторска група при Општината согласно креираниот план за работа<br>Интерсекторската група при Општината е составена од претставници на различни сектори (социјална заштита, економски развој, образование, јавни дејности, урбанизам, комунални дејности итн) и е одговорна за спроведување и мониторинг на активностите за унапредување на рамноправноста помеѓу жените и мажите.<br>Одржувањето редовни состаноци ќе обезбеди:<br>• Координација меѓу различните сектори и одделенија за имплементација на програмските активности.<br>• Размена на информации и следење на напредокот на спроведените мерки.<br>• Предложување нови активности и корекции во програмите врз основа на добиените податоци и искуства по одделенија. | Континуирано | Координаторка и членови на интерсекторска група, донатор | Најмалку 3 состаноци годишно;<br><br>Записници од секој состанок со дефинирани препораки и заклучоци;<br><br>Најмалку 3 програми анализирани од аспект на рампоправна застапеност на жените и мажите и дадени препораки. | Нема финансиски импликации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.2. Редовни состаноци со Локалниот Совет за превенција од детско престапништво, Локалниот совет за превенција при Општина Свети Николе и Општинскиот Совет за социјална заштита Организирање редовни состаноци со Локалниот Совет за превенција од детско престапништво, Локалниот совет за превенција при Општина Свети Николе и Општинскиот Совет за социјална заштита за координација и размена на информации поврзани со проблемите и предизвиците во локалната заедница. Состаноците ќе служат за разгледување на статистички податоци, предлагање мерки за превенција и планирање на активности за заштита на ранливите групи, вклучувајќи деца и семејства во ризик. | Јануари – Декември 2025г. | Координаторка, Претседатели на советите, членови на советите (ЦСР, образовни институции, полиција..) | Најмалку 9 состаноци организирани годишно (3 со секој совет);<br>Утврден план за активности и мерки за превенција за 2025 г.<br>Подготвени и усвоени 3 извештаи.<br>Зголемена координација меѓу институциите за 20% | Програма за социјална заштита и заштита на децата |
| 1.3. Локалното тело за борба против семејно насилство и секаков друг вид на насилство е неформално тело со цел да се спречи, препознае и третира семејното насилство. Ова тело претставува платформа за координација на сите засегнати институции и организации кои работат на ова поле, како и за зајакнување на поддршката за жртвите и превенцијата на вакви случаи.<br>Активности:<br>**Превенција**: Организирање на работилници, кампањи и обуки за подигање на свеста за семејното насилство.<br>**Интервенција**: Брза реакција на пријавени случаи преку координација на одговорните институции.<br>**Рехабилитација и реинтеграција**: Помош на жртвите за да се вратат во нормален живот преку психосоцијална поддршка, обуки за вработување и други услуги.<br>**Истражување и извештаи**: Систематско прибирање и анализа на податоци за случаи на насилство. | Јануари – Декември 2025г. | Координаторка, Претседател и членови | Најмалку 3 состаноци организирани годишно;<br>Утврден план за активности и мерки за 2025 г.<br>Подготвен и усвоен извештај.<br>Зголемена координација меѓу институциите за 20% | Програма за социјална заштита и заштита на децата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.4. Организирање на обуки за институционални преставници<br>Спроведување обуки за членовите на Советот на општината и административниот персонал (интерсекторска група) за принципите на рамноправност и одговорното буџетирање | Континуирано | КЕМ, Координаторка, Донатор | Најмалку 20 лица обучени;<br><br>За 30% зголемено знаење за концептот на рамноправност. | Нема финансиски импликации |
| 1.5. Вклучување на жени од рурални средини во процеси на одлучување и буџетирање и идентификување на потребите и приоритетите на жените<br>Интегрирањето на жените од руралните средини во одлучувањето и буџетирањето не само што ги зајакнува индивидуално, туку и значително придонесува кон развојот на заедниците. Нивното учество може да се подобри преку систематска поддршка и создавање на инклузивни процеси за дијалог и решавање на проблемите. | Октомври - Ноември 2025г. | КЕМ, Координаторка, Овластено лице за работа со урбани и месни заедници ГИЖ | Најмалку 3 средби со жените од руралните средини. | Нема финансиски импликации |
| 1.6. Ажурирање и анализа на полово разделена статистика како основа за следење и планирање мерки, преставува клучен чекор за информирано креирање и спроведување на политики и мерки. Преку собирање, категоризација и интегрирање на податоците ќе се препознаат нееднаквостите во различни области (вработување, плати, образование, здравство, учество во одлучување и др.) кои ќе дадат насока на подобро идно планирање. | Континуирано 2025г. | Општина, Јавни претпријатија, ЦСР, градинка, здравен дом, училишта, АВРСМ, Дом на култура | Редовно пополнување на воспоставениот систем за прибирање на полово разделени податоци на годишно ниво | Нема финансиски импликации |
| 1.7. Покренување на иницијатива за формирање на Неформалното општинско тело за здравство, кое ќе преставува неформална група формирана на ниво на општина со цел превентивни активност за подигање свест на локалното население. Телото би функционирало како платформа за координација, размена на информации и иницирање активности поврзани со здравството. | Втора половина на 2025 г<br><br>Х1-423410=2..000<br>425990=3.000<br>423110=2.000<br>425920=3.000 | Општина, Здравствени професионалци (лекари, медицински сестри), Претставници од локални институции и невладини организации, граѓани и активисти со интерес во здравствената политика. | Формирано тело за здравство | 10.000 |

| Цел 2. Подобрување на положбата на жените и мажите во областа на социјалната заштита | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕТРАЕЊЕ** | **ОДГОВОРНИ** | **ИНДИКАТОРИ** | **БУЏЕТ на ОПШТИНА** |
| 2.1. Одбележување на 16 дена активизам за жртви на семејно насилство и секаков друг вид насилство, е активност на локалното тело за борба против семејно насилство и секаков друг вид на насилство.<br>-Јавни кампањи за подигање на свеста<br>-Промоција на локалните сервиси за помош<br>-Културни и симболични настани | Ноември - Декември 2025 | Локално тело за борба против семејно насилство | Најмалку 3 активности организирани;<br><br>% на подигната свест на жените и мажите, девојчињата и момчињата за препознавање на насилството. | Програма за социјална заштита |
| 2.2. Доделување на еднократна парична помош за жени и мажи - жители на општина Свети Николе согласно Правилникот за утврдување на критериуми, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и помош во натура бр. 0801-327 од 22.02.2023 | Континуирано 2025г. | Комисија при Општина Свети Николе | Најмалку 400 жители (ж/м); | Програма за социјална заштита |
| 2.3. Доделување на еднократна парична помош за жени и мажи – жртви на семејно насилство и секаков друг вид на насилство | Континуирано 2025г. | Комисија при Општина Свети Николе | Најмалку 5 жители (ж/м); | Програма за социјална заштита |
| 2.4. Доделување на еднократна парична помош за жени и мажи – самохрани родители | Континуирано 2025г. | Комисија при Општина Свети Николе | Најмалку 5 жители (ж/м); | Програма за социјална заштита |
| 2.5. Надоместок за партиципација на деца – бесплатна партиципација за деца на самохрани родители | Континуирано 2025г. | Општина Свети Николе, ЈОУДГ „Рахилка Гонева“ | Најмалку 2 деца на самохрани родители | Програма за социјална заштита |
| 2.6. Одбележување на меѓународни денови | Во текот на 2025 | Координаторка, КЕМ | Најмалку 3 дена одбележани | Програма за социјална заштита |

| Цел 3. Подобрување на положбата на жените и мажите во областа на економскиот развој | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕТРАЕЊЕ** | **ОДГОВОРНИ** | **ИНДИКАТОРИ** | **БУЏЕТ на ОПШТИНА** |
| 3.1. Активности на локалниот економско – социјален совет (ЛЕСС) на општина Свети Николе. Советот ќе работи на промоција на локалниот економски развој, унапредување на социјалниот дијалог, идентификација на приоритети за вработување и поддршка на претприемништвото, како и координација меѓу општината, бизнис-секторот и заедницата. | Во текот на 2025г. | ЛЕСС, донатори | Најмалку 3 спроведени активности<br><br>За 20% зголемено знаењето за претприемништвото | Програма за социјална заштита |
| 3.2. Спроведување на „отворени денови“ за корисници на социјална парична помош во урбаната и руралните средини и е-информатор на вебстраната на Општината | Во текот на 2025г. | Центар за социјална работа, Општина Свети Николе, Месни заедници, Центар за вработување | Најмалку 3 посетени месни заедници;<br><br>Најмалку 2 посетени урбани заедници;<br><br>За 20% зголемена информираност на жени и мажи од урбани и месни заедници. | Програма за социјална заштита |

| Цел 4. Подобрување на положбата на жените и мажите во областа на здравство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | **ВРЕМЕТРАЕЊЕ** | **ОДГОВОРНИ** | **ИНДИКАТОРИ** | **БУЏЕТ на ОПШТИНА** |
| 4.1. Спроведување на активности/кампањи по повод месец на борба против рак на дојка и навремена здравствена заштита на жените | Октомври 2025<br>X1-425920=7.000<br>426990=2.000<br>425990=15.000<br>421440=3.000<br>423410=3.000 | КЕМ, Координаторка и институции | Најмалку 2 активности спроведени<br><br>Најмалку 50 жени опфатени | 30.000 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 4.2. Спроведување на активности за зголемување на свесноста за здравствените проблеми кај мажите (рак на простата) | Ноември 2025<br>X1-425920=7.000<br>426990=2.000<br>425990=15.000<br>421440=3.000<br>423410=3.000 | КЕМ, Координаторка и институции | Најмалку 2 активности спроведени<br><br>Најмалку 50 мажи опфатени | 30.000 ден |
| 4.3. Едукацијата за превенција од зависности (дрога, алкохол, обложување) | Ноември 2025<br>X1-425920=2.000<br>425990=15.000<br>423410=3.000 | КЕМ, Координаторка и институции | Најмалку 2 активности спроведени<br><br>Најмалку 30 девојчиња и момчиња опфатени | 20.000 ден |

За спроведување на наведените активности, во Програмата за социјална заштита и заштита на децата се предвидени зголемени финансиски средства, кои се во тесна корелација со Програмата за еднакви можности на жените и мажите. За останатите активности во рамки на оваа програма, ќе бидат обезбедени средства од Буџетот на Општината во износ од 90.000 денари. Дополнително, за поддршка на одредени активности, ќе бидат побарани финансиски средства од донатори.

**IV. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА**

За успешна имплементација на Акциониот план за 2025 година, потребно е да се спроведе мониторинг во периодот кој го покрива овој документ, како и евалуација за проценка на успешноста на реализацијата на акциониот план и неговото влијание на еднаквите можности на жените и мажите во општина Свети Николе. Основни механизми кои ќе бидат користени во мониторингот и евалуацијата се: Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Свети Николе и Координаторката за еднакви можности, која го изработи овој документ, ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели. Следењето и евалуацијата Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Свети Николе, Координаторката за еднакви можности и Одделение за буџетска координација, буџетска контрола, сметководство и плаќање ќе ја вршат преку присуство на настани организрани од страна на носителите/имплементорите на мерките, преку доставените редовни финансиски и наративни извештаи за спроведените мерки и активности. До Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика од страна на координаторот за еднакви можности на мажите и жените ќе се доставува годишен извештај за имплементација на активностите и реализацијата на целите.

**V.** Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе" а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр.0801- 971**
**26.12.2024 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**

**______________________**
**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 22 ст.1 точка 10 и 11 и чл.36 ст.1 т.15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), како и Член 5 став 2 алинеа 3 од Законоот за управување со кризи,(,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.29/05,36/11,41/14,104/15,39/16 и 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.215/21), Советот на Општина Свети Николе на **56** седница одржана на 26.12.2024 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## За активностите на Општина Свети Николе во областа на заштита и спасување и противпожарната заштита во 2025

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси активности во областа на противпожарната заштита, заштитата и спасувањето, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, општина Св. Николе во 2025 година овие активности ќе ги остварува преку Територијалната противпожарна едница која ќе дејствува на територијата на Општина Св.Николе, а ќе го покрива и подрачјето на соседната Општина Лозово.

### 1.Цели

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреки и др;
- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштита на луѓето и материјалните доба;
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и кооринираност на силите за заштита и спасување, спасување со кризи и противпожарна заштита.

### 2.Активности

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон

- Обезбедување целосна заштита и спасување на луѓето и материјалните добра;
- Техничко осовременување на професионалната противпожарна единица;
- Обезбедување на услови за квалитетна и технички стручно подготвена единица;
- Брзо и ефикасно подрачје на Општина Св. Николе и Општина Лозово
- Елиминирање на согледаните пропусти и негативности.

### 3.Финансирање

Финансирањето на активностите и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдена според Програмата ќе биде реализирано од:

- Средствата на Буџетот на РСМ;
- Средствата на Буџетот на Општина Свети Николе;
- Средствата на Буџетот на Општина Лозово;
- Наплатени премии од осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;

- Средства од наплатени парични казни на сторени прекршоци од областа на заштита од пожари и експлозии;
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштита од пожари;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Териоријалната противпожарна едница.

**4.Распоредување на финансиски средства е прикажано во табелата која следи**

| | | **Расходи** | Буџет 2025 |
|---|---|---|---|
| | 1 | Плати, наемнини и надоместоци за вработените- од блок дотацијата | 5.726.000 |
| Ѓ0-424120 | 2 | Поправки и тековно одржување на возила | 300.000 |
| Ѓ0-421410 | 3 | Горива и масла за возила | 300.000 |
| Ѓ0-421420 | 4 | Регистрација за возила | 100.000 |
| Ѓ0-425490 | 5 | Систематски прегледи | 50.000 |
| Ѓ0-421110 | 6 | Електрична енергија | 350.000 |
| Ѓ0-421120 | 7 | Водовод и канализација | 60.000 |
| Ѓ0-421320 | 8 | Телефон | 45.000 |
| Ѓ0-464990 | 9 | Награди и признанија за најдобар пожарникар<br><br>Индикатор:<br>Број на постигнати активности за успешност | 20.000 |
| Ѓ0-423710 | 10 | Средства за хигиена | 30.000 |
| Ѓ0-424210 | 11 | Одржување на инсталации, градежни делови на објектот | 50.000 |
| Ѓ0-426990 | 12 | Прослава за ден на пожарникарите на РМ<br><br>Индикатор:<br>% на активности за одбележување на денот на пожарниците | 15.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ђ0-423910 | 13 | Набавка на техничка и заштитна опрема ( ПП црева,млазници, напртњачи – V25, униформи и друга ПП опрема,пупа за вода) | 300.000 |
| Ђ0-426990 | 14 | Непредвидени расходи | 100.000 |
| Ђ0 | 15 | Плати ,придонеси од плати и надоместоци од плата на вработени од Буџет на општина | 6.704.830 |
| Ђ0-404150 | 16 | Храна за пожарникари | 430.000 |
| | 17 | Вкупно 1 | 5.726.000 |
| | 18 | Вкупно 2 до 16 | 8.854.830 |
| | 19 | Вкупно 17+18 | 14.580.830 |

**5.Други форми на активности и помагање на ТППЕ**

Освен со финансиски средства, Советот на Општината и Градоначалникот ќе ги помагаат и стимулираат овие активности и со;

- обележување на денот на пожарникарите;
- прогласување на наистакнат пожарникар во извршувањето на работните обврски при гаснење на пожари;
- учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани ос страна на ТППЕ по разни поводи и прослави.

**Образложение**

Програмата за активностите на Општина Св.Николе во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2025 година ги опфаќа активностите што ќе ги превземе Општина Св.Николе во делот на финансиската подршка за работењето на Територијалната противпожарна единица, која претставува дел од силите за заштита и спасување од пожари и разни други непогоди.

Во приходниот дел на програмата за активностите на Општина Св.Николе во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2025 година согласно Законот за пожарникарство („Сл.Весник на РМ“ бр.67/04) средствата за финансирање на територијалните противпожарни единици кои се наменети за плати, додатоци од плати и надоместоци за вработените кои се превземени од МВР се обезбедуваат преку трансвер на средства од буџетот на Република Македонија.

Од буџетот на Општина Св.Николе се обезбедуваат средства за финансирање на тековните оперативни активности, плати и надоместоци од плати за вработени пожарникари кои се примени од општината, набавка на противпожарна опрема и осовременување на

единицата, односно подобрување на условите за работа. Во приходите се вклучени и 2% од наплатите како премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила.

Од буџетот на Општина Лозово која ги користи услугите на ТППЕ Св.Николе, средствата од Општина Лозово ќе бидат употребени за доопременување и подобрување на условите за работа на ТППЕ Св.Николе.

Како сопствени приходи се планираат и средствата што Територијалните противпожарни единици во согласност со Законот за пожарникарство можат да ги остваруваат преку вршење на услуги заради подобрување на нивната техничка опременост и услови за работа.

И понатака менаџментот на Општина Св.Николе покренува иницијативи за обезбедување на донации од правни субјекти и поединци со сопствени дончаии да учествуваат во опременувањето и осовременувањето на нашата Територијална противпожарна единица. Средствата ќе се убираат на донаторска сметка и истите ќе се користат за доопременување и подобрување на условите за работа на Територијална противпожарна единица.

Во расходниот дел, освен средствата за плати и надоместоци од плати, кои се добиваат од буџетот на Република Северна Македонија се планирани и други трошоци кои се обезбедуваат од буџетот на Општина Св.Николе.

За 2025 година планирани се трошоци за тековно одржување на зградата во која е сместена ТППЕ.

Во 2025 година во согласност со законските прописи се планира да се набават зимски и летни униформи за пожарникарите и техничка и заштитна опрема (црева, млазници, напртњачи – V25). Во зависност од остварувањето на планираните средства ќе се обезбедат и други потребни средства за поквалитетно извршување на задачите и поголема заштита на вработените пожарникари.

Во расходните трошоци планирани се и средства за одржување на ПП возилата и противпожарната опрема и други тековни оперативни трошоци.

**6.Завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се задолжени лицата кои раководат со територијалната единица во Општина Св.Николе со непосредна комуникација со менаџментот на општина Св. Николе.

Во соработка со Дирекцијата на заштита и спасување, Државниот инспекор за заштита од пожари и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот на Општина Св.Николе ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози за врска со остварување на програмските цели и активности.

Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе" а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр.0801-967**
**26.12.2024 година**

**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**

___________________________

**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (`Сл.весник на РМ□бр. 5/02) и Советот на Општина Свети Николе на **56** седницата одржана на 26.12.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за активностите на Општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка во 2025 година

### I. Рамка на програмата

Интензивирањето на меѓународната соработка е едно од приоритетните прашања во рамките на заложбите за динамичен развој на Општина Свети Николе. И покрај фактот што меѓународната соработка ќе биде во фокусот на вниманието по официјалниот старт на имплементацијата на втората компонента од Инструментот за предпристапна помош - ИПА, постоењето и одржувањето на оваа Програма оди во прилог на зајакнувањето на капацитетите на општината на планот на меѓународната соработка.

Програмата за меѓународна соработка предвидува продолжување и зацврстување на веќе остварените контакти со побратимените и пријателските градови на Општина Свети Николе, како и изнаоѓање на нови пријателски градови за идна соработка, со цел продолжување и изнаоѓање на нови бизнис партнери кои што ќе придонесат за поуспешно градење на стопанските капацитети во нашиот град.

Досега, меѓународната соработка се остваруваше преку конвеционални методи на соработка и тоа најчесто со учество на општинска делегација и средби на претставници на општинските органи како и преку организацијата на културни манифестации од меѓународен карактер но недостигаа конкретни активности за продлабочување на соработката во сите области од работата на локалната самоуправа, а особено на планот на креирање и имплементација на заеднички проектни активности. Во таа насока оваа програма главно е фокусирана кон зајакнување на економско-стопанска соработка со збратимените и пријателски градови.

Општина Свети Николе веќе има воспоставено добра меѓународна соработка со збратимените градови Чичевац, Република Србија и Сапарева бања, Република Бугарија, Општина Пуцонци Словенија, Општина Омиш Хрватска, како и учество во ИПА компонентата за Прекугранична соработка како и други проекти финансирани од Европската Унија.

Евроинтегративните процеси отвораат многу можности за соработка и поврзување на регионите на територијата на Европа и што е најзначајно за општините и соработка на ниво на локална самоуправа.

Ова е особено значајно во процесот на идентификација на општини од странство, потенцијални партнери за реализација на комплементарни и комплексни проекти во рамките на ИПА.

Во текот на 2025 година Општина Свети Николе ќе работи на продлабочување на постоечките соработки и проширување на соработка и контакти со други општини и во останати области, од интерес за економски развој на Општината и нејзино пошироко промовирање. Во прилог на ова е и заложбата за проширување и продлабочување на соработката на Општината со дипломатските претставништва во земјава.

Во 2025 година Општина Свети Николе е дел од Проектот CITYMOVE Кофинансиран од ЕУ во рамките на програмата Interreg IPA Adrion кад еќе се

соработува со Овие Партнети: Водечки партнер во проектот е општина Бар (Црна Гора), додека партнери ги вклучуваат градовите Мостар (Босна и Херцеговина), Биоград на Мору (Хрватска) и Нови Пазар (Србија), заедно со општините Свети Николе (Македонија), Губио (Италија) и Кантанос Селино (Грција), како и Институтот CIHEAM (Грција). Придружни партнери се НАЛАС – Мрежата на национални асоцијации на локални власти во Југоисточна Европа (Македонија) и Општина Лесковац (Србија), во самиот проект се предвидени, патувања и посета на настани во дел од партнерите на Проектот.
Проектот Resilience lab Sveti Nikole каде општина Свети Николе е како водечки партнер и SmartU – Social innovation Lab Скопје како проектен партнер. Целта на RLSN е да ги постави основите за системски пристап кон развивање на отпорност, кој значајно ја интегрира климатската адаптација, преку решавање на празнините во клучните услови за овозможување и клучните системи на заедницата во самиот проект се предвидени, патувања и посета на настани во дел од партнерите на Проектот.

Во 2025 година меѓународната соработка покрај на интензивирањето на културната соработка ќе се фокусира на зајакнување на можностите и реализација на конкретни проекти со збратимените градови.

Од особена важност е реализацијата на проекти во областа на:

- локалниот економски развој и инвестиционите програми, посебно остварување на бизнис соработки;
- зајакнувањето на капацитетите во контекст на подобрување на услугите на граѓаните (мажи и жени) преку размена на позитивни искуства;
- заштитата на животната средина и природата;
- алтернативни форми на туризам;
- обновливи извори на енергија;
- урбанистичко планирање;
- образование;
- спорт, култура и млади.

Принципот на рамноправно учество на мажите и жените е вклучен како еден од основните принципи во оваа програма. Во тој поглед, термините кои се користат во оваа програма за лица од машки род, среден род или во множина (на пр: „претседател", „совет", „делегации", „граѓани", „туристи", „посетители" итн.) се неутрални и се однесуваат и на мажи и на жени.

## II. Генерална цел

Генералната цел на Програмата е да се продлабочи меѓународната соработка преку реализација на конкретни активности и проекти во рамките на евроинтегративните процеси, како и зголемена поврзаност во секој поглед со збратимените градови на повисоко ниво во насока на зајакнување на бизнис релациите помеѓу стопанските субјекти, како и можност за збратимување со други градови и иницирање на бизнис соработка со истите.

### Конкретни цели

- Продлабочување на соработката со збратимените градови на Свети Николе;
- Искористување на веќе добро поставените бизнис релации и воспоставување на нови;
- Реализација на заеднички активности и проекти;

- Зајакнување на капацитетите преку размена на искуства;
- Проширување на бројот на збратимени и пријателски градови на Општина Свети Николе;
- Можности за туристичка и економска промоција на Свети Николе;
- Можности за креирање на поквалитетни и поефикасни услуги за граѓаните (мажи и жени).

## III. Целни групи

- Сите граѓани (мажи и жени) на Свети Николе и граѓаните (мажи и жени) на збратимените градови и градовите пријатели на Свети Николе;
- Градоначалникот, Советот на општиата и менаџерските тимови во општината;
- Здруженија на граѓани;
- Бизнис –сектор;
- Потенцијални инвеститори
- Меѓународни организации
- Туристи и посетители

## IV. Активности

Продлабочувањето на меѓународната соработка ќе ги опфати следните активности:

- Интензивирање на комуникацијата и зајакнување на соработката со збратимените градови на Свети Николе;
- Организиран престој на делегации во Свети Николе;
- Организирани посети на Градоначалнкот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови на Свети Николе;
- Организирање на средби и утврдување на конкретни активности;
- Аплицирање на заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси;
- Размена на искуства;
- Примена на стекнатите позитивни искуства;
- Организирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации.

## V. Очекувани резултати

- Интензивирана комуникација и зајакнување на соработката со збратимените градови на Свети Николе;
- Реализиран организиран престој на делегации во Свети Николе;
- Реализирани организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови и градовите пријатели на Свети Николе;
- Реализирани средби и утврдени конкретни активности;
- Поднесени апликации за заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси;
- Реализирана размена на искуства;

- Применети позитивни искуства;
- Зголемен број на потенцијални инвеститори и бизнис реалции;
- Продолжување на прекуграничната соработка со општините во соседна Грција
- Реализирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестаци;
- Зголемување на бројот на релациите помеѓу бизнис секторот од Општина Свети Николе и странски стопански субјекти.

На интензивирањето на меѓународната соработка покрај Градоначалникот и општинската администрација ќе учествува и Советот на Општината, чии членови ќе бидат вклучени во процесите на взаемни посети и размена на искуства со збратимените градови. Од особена важност е Советот на општината активно да учествува со свои иницијативи во продлабочувањето на меѓународната соработка. Секоја реализирана активност ќе биде од корист на граѓаните (мажи и жени) и можностите за интезивирање на развојот на локалната заедница, што како повратен ефект ќе обезбеди дополнителни приходи и ќе ја оправда програмата и нејзината одржливост.

## VI. Реализација на програмата

Спроведувањето на програмата ја реализира Градоначалникот и Советот на Општина Свети Николе.

Кординацијата во спроеведувањето и реализирањето на меѓународната соработка со збратимените и градовите пријатели на Општина Свети Николе пред се во јавната, стопанска и културната сфера на соработка ќе ја врши Градоначалникот на Општина Свети Николе, Економско социјалниот совет на Општина Свети Николе и ЈОУ Дом на културата Крсте Мисирков Свети Николе ккако и ОУ Народен музеј Свети Николе.

Составот на делегации го утврдува Градоначалникот на општината во соработка со Претседателот на Советот.

Конкретните активности на делегациите при прием и посета на градовите опфатени ќе се утврдуваат пред секој настан.

| Ред. бр. | Активност | Времетраење | Одговорни | Индикатори | Буџет на општина Свети Николе 2025 | Донација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.<br>МВО<br>420130=200.000<br>426210=50.000 | Организиран престој на делегации во Свети Николе | Континуирано 2025г. | Градоначалник Совет Општина Свети Николе | Најмалку 3 организирани престои на делегации | 250.000 | 0.00 |
| 2.<br>МВО<br>420210=150.000<br>420240=50000<br>420230=50000 | Организирани посети на Градоначалникот, Советници/чки на Советот на Општината и претставници/чки на општинската администрација и други членки/ови на делагации претставници на Општина Свети Николе | Континуирано 2025г. | Градоначалник Совет Општина Свети Николе | Најмалку 3 посети организирани | 250.000 | 0.00 |
| **ВКУПНО:** | | | | | **500.000** | **0.00** |

**VII. Финансирање**

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 500.000 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2025 година и кофинансирани од страна на домашни и меѓународните институции, агенции и фондации.

**VIII. Распоредување на буџетските средства**

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општина Свети Николе.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Оваа програма претставува поддршка на заложбите на Општина Свети Николе за интензивирање на меѓународната соработка со збратимените општини. Исто така, Програмата создава можности за воспоставување на соработка со други градови од Балканот, Европа и пошироко, во прилог на исполнувањето на предусловите за користење на фондовите на ЕУ и конкретно програмите за прекугранична соработка.

**1. Организиран престој на делегации во Свети Николе**. Програмата ќе овозможи престој на делегации во Општина Свети Николе од општините во соседството со кои е воспоставена соработка.

**2. Организирани посети на Градоначалникот, советници и советнички на Советот на Општината и претставници/чки на општинската администрација и други членки/ови на делагации претставници/чки на Општина Свети Николе**. Програмата ќе овозможи престој на делегации на Општина Свети Николе во странство како и посета на делегации од општините со кои е воспоставена соработка.

**Завршни одредби**

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој и го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе" а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр. 0801-970** **Совет на Општина Свети Николе**
**26.12 .2024** **Претседател**

________________________

**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36 ст.1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) Советот на Општина Свети Николе на **56** седницата одржана на 26.12.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
# за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот во 2025 година

## I. Вовед, Законски рамки според кои се подготвува самата програма и Цел

Програмата за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот во 2025 година е креирана врз основа на член 22, став 1, точка 6 и член 36 од Законот за Локална Самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02) и член 49 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 239/22).

Оваа Програма има за цел:

- создавање услови за реализација на активностите на граѓаните и здруженијата на граѓани од различни интересни групи;
- унапредување на соработката помеѓу Општина Свети Николе и здруженија и фондации, преку воспоставување на механизми за соработка;
- давање поддршка на проекти со коишто ќе се задоволуваат потребите на поголеми групи на граѓани;
- поддршка на социјално хуманитарни здруженија во организации одновани со закон а кои Согласно Стаут се организации коишто се непрофитни, хуманитарни, незавнисни органици на граѓани кои во својата работ аго промовираат волонтеризмот;
- да ја стимулира работата на НВО – Секторот.

Принципот за рамноправно учество на мажите и жените е вклучен како еден од основните принципи на оваа програма. Во тој поглед, термините кои се користат во оваа програма (на пр: „претседател", „граѓани", „групи", „член" итн.) се однесуваат и на мажи и на жени.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА

Распределбата на средства согласно Програмата за активностите на Општина Свети Николе за поддршка на НВО секторот се врши транспарентно преку доставување на апликации од невладини организации на ЈАВЕН ПОВИК за прибирање предлози за финансирање на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од областа на спортот, културата и поддршка на граѓанскиот сектор кои ќе се финансираат од Буџетот на Општина Свети Николе за 2025 година (бр. 0901-187 од 01.10.2024г). Потоа апликациите, Комисијата ги евалуира со бодувањето и рангирањето согласно Правилникот за утврдување на начинот, постапката и критериумите за распределба на финансиски средства од Општина Свети Николе на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од областа на спортот, културата и поддршка на граѓанскиот сектор бр. 0801-846 од 17.09.2024 г. („Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр. 9 од 2024 година).

**II. АКТИВНОСТИ**

Носители на активностите се субјекти коишто доставиле свои предлози согласно Јавниот повик на коишто им е одобрен определени износ за реализација на активностите.

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Свети Николе ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

| **ПОДДРШКА НА НВО 2025**<br>G1-463110 | | | | **Област** | **Освоени бодови** | **Индикатори** | **Предлог средства од Буџет на Општина Свети Николе за 2025 година** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Назив/број** | **Времетраењ е** | **Наслов на проектот/ активноста** | | | | |
| 1. | Здружение Ловно Друштво Еребица Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-1 | Во тек на 2025 година | Ловечка вечер | НВО | 100 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 60.000 |
| 2. | Здружение градски фолклорен ансамбл Овчеполец Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-2 | Во тек на 2025 година | Финансиска поддршка на градски фолклорен ансамбл Овчеполец Свети Николе за учество на меѓународни и домашни | НВО | 82 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на | 30.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | манифестации | | | учесници, фотографии итн.) | |
| 3. | Организација на жените на Општина Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-3 | Во тек на 2025 година | Заедно да превенираме и се бориме против ракот на дојка 2025 | НВО | 100 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 200.000 |
| 4. | Здружение на бегалци од Егејска Македонија БЕЛОМОРЦИ Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-4 | Во тек на 2025 година | Посета на Гаково Р.Србија | НВО | 55 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 40.000 |
| 5. | Здружение на граѓани Илинденски Марш – Поп Мартин 2007<br><br>бр. 0901–187/1-5 | Во тек на 2025 година | Илинденски марш Свети Николе – Крушево 2025 | НВО | 80 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 30.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Граѓанска иницијатива на жени – ГИЖ Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-7 | Во тек на 2025 година | Отвори го патот до женски центри 2 | НВО | 95 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 20.000 |
| 7. | Градско мандолинско друштво „Свети Никола“ -Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-8 | Во тек на 2025 година | Годишна програма за работа на Градско мандолинско друштво „Свети Никола“ – Свети Николе | НВО | 100 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 100.000 |
| 8. | Центар за граѓански активизам Деница плус Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-12 | Во тек на 2025 година | СТОП ЗА булиг и сајбер насилство во училиштата | НВО | 55 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 10.000 |
| 9. | Кинолошко друштво „Балканец 03“ Свети Николе | Во тек на 2025 година | Доближување на кинологијата до населението на | НВО | 95 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај | 70.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр. 0901–187/1-14 | | Општина Свети Николе | | | за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | |
| 10. | Црвен Крст – Општинска организација Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-15 | Во тек на 2025 година | Вашата крв спасува живот 2025 | НВО | 100 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 60.000 |
| 11. | Извиднички одред Гоце Делчев Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-18 | Во тек на 2025 година | Млади и општествено одговорни | НВО | 100 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 150.000 |
| 12. | Здружение на одгледувачи на зајаци ЛЕПУС Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-23 | Во тек на 2025 година | Промоција, развој и унапредување на легислатива која се однесува на одгледувањето на зајаци во општина | НВО | 55 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна | 10.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Свети Николе | | | документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | |
| 13. | Дуо Maestro (пијано и глас)<br><br>бр. 0901–187/1-24 | Во тек на 2025 година | „Етерија“ – целовечерен концерт на италијански канцони и македонска народна музика | НВО - култура | 55 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 10.000 |
| 14. | Катерина Јованова<br><br>бр. 0901–187/1-25 | Во тек на 2025 година | Креираме и презентираме | НВО - култура | 53 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 10.000 |
| 15. | Здружение на граѓани Мото клуб Свети Николе МЦЦ<br><br>бр. 0901–187/1-26 | Во тек на 2025 година | Фестивал Мото фест Свети Николе | Одобрените средства ќе бидат исплатени од програма К4 - култура | 95 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, | 300.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | фотографии итн.) | |
| 16. | Здружение на инвалиди на трудот<br><br>бр. 0901–187/1-27 | Во тек на 2025 година | Програмски активности | НВО | 70 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 20.000 |
| 17. | Здружение Доброволно противпожарно друштво Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-28 | Во тек на 2025 година | Подготвени во секое време за побезбедно Свети Николе | НВО | 100 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 300.000 |
| 18. | Сојуз на борци од Народно ослободителната и натифашистичка војна на Македонија 1941-1945 Општински одбор Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-29 | Во тек на 2025 година | Одбележување на важни историски настани | НВО | 95 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 10.000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19. | Здружение на пензионерите на Општина Свети Николе<br><br>бр. 0901–187/1-30 | Во тек на 2025 година | Активен живот и социјална поддршка за пензионерите во општина Свети Николе | НВО | 70 | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активност/проект со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) | 20.000 |
| **ВКУПНО:** | | | | | | | **1.150.000** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Свети Николе.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2025 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

Согласно член 13 од Павилникот По усвојување на Годишните програми од страна на Советот на Општина Свети Николе, Градоначалникот склучува поединечни договори со Примателите на средства.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Свети Николе активностите на здруженијата на граѓани ќе ги помага и со:

- покровителство;
- доделување награди и признанија;
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;
- организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес;
- организирање кампањи, манифестации и др.

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа Програма ќе се одвива согласно Правилникот за утврдување на начинот, постапката и критериумите за распределба на финансиски средства од Општина Свети Николе на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од областа на спортот, културата ѝи поддршка на граѓанскиот сектор бр. 0801-846 од 17.09.2024г. („Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр. 9 од 2024 година).

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Соработката со НВО секторот Општина Свети Николе продолжува да ја развива. Обезбедувањето на простор за реализација на активности на здруженија на граѓани, големиот број реализирани партнерски проекти, создадоа основа и оваа година да се предвидат средства за овој вид активности.

Преку поддршката што Општина Свети Николе ја дава на развојот на НВО секторот во најголем дел ги покрива потребите на младите затоа што овие две области во најголем дел имаат членство што припаѓа на оваа популација. Меѓутоа, Општина Свети Николе останува отворена преку другите форми на делување да ги поддржи активностите на и иницијативите на граѓанскиот сектор.

Општина Свети Николе долгорочно ќе го поддржува граѓанскиот сектор и целите што заеднички општината и граѓанскиот сектор треба да ги постигнат во интерес на заедницата.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе” а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**0801-973**

**Совет на Општина Свети Николе**

**26.12 . 2024 година**

**Претседател,**

**Свети Николе**

____________________________

**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 22, ст 1, т. 6 и чл.36 ст.1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02) Советот на Општина Свети Николе на **56** седницата одржана на 26.12.2024 година донесе:

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади во 2025 година

## I. Вовед

Спортот претставува секоја форма на физичка активност преку повремени и/или организирани учества и цели кон изразување и подобрување на физичката подготвеност и менталната благосостојба, создава социјални врски или пак постигнува резултати во натпреварување на сите нивоа. Спортот придонесува за личен и социјален развој преку креативни активности, рекреативни ангажмани и градење на здрави животни навики кај индивидуите, а особено оваа активност помага за физичка и ментална благосостојба кај младите момчиња и девојчиња. Нашата визија е да се унапреди и рамноправноста помеѓу мажите и жените во спортот на локално ниво. Сметаме дека во блиска иднина Општина Свети Николе во своите програми, стратегии како и преку низа други мерки треба да овозможи подеднакво вклучување на мажите и женските спортисти и да се создадат оптимални услови за спортување како на едната така и на другата група. Потребно е постојано да се следат и идентификуваат можностите за влијаење на политиките на локално и национално ниво, подготвување на препораки за надминување на дискриминација помеѓу мажите и жените во спортот и подобрување на домашната законска легислатива и стратешките документи. Меѓу нашите цели исто така се и воспоставување на дијалог помеѓу општината и младите и институционален развој за прашањата поврзани со нив при што се продлабочува начинот на вклучување на момчињата и девојчињата во локалната заедница, согласно законот за младинско учество и други законски и стратешки документи

Принципот за рамноправно учество на мажите и жените е вклучен како еден од основните принципи на оваа програма. Во тој поглед, термините кои се користат во оваа програма за лица од машки род или во множина (на пр: „претседател", „млади", „ангажирани лица", „член", итн.) се неутрални и се однесуваат и на мажи и на жени.

## II. Законски рамки според кои се подготвува самата програма

Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спортот и младите за 2025 е направена врз основа на основните одредби од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19) и Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/02), како и Законот за младинско учество („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/20)

Во областа на спортот надлежностите на општините во смисла на овој закон, се:

- развојот на масовниот спорт и рекреативните активности на мажите и жените, опфатен во програмите на спортските и спортско рекреативните клубови, во реализација на училишниот и студентскиот спортски систем, спортот за сите, а

особено спортско-рекреативните активности на машки и женски лица со попреченост;

- организирање на спортски приредби и манифестации, поддржување на систем на натпревари на општинско ниво, во одредени спортови и категории, поддржување на традиционалните спортски натпревари и манифестации, од национален и меѓународен карактер, поддржување на училишниот и студентскиот систем на натпревари, системот на манифестации и форми на натпревари за машки и женски лица со попреченост, како и масовните спортско-рекреативни активности на мажите и жените;

- одржувањето и изградбата на објекти за спорт, утврдување на мрежата на спортските објекти, нивно класифицирање, одржување, користење и опремување, пла-нирање и изградба на современи спортски објекти и определување на рекреативни зони за масовно спортување;

- поддршка и унапредување на спортот, спортските клубови и професионалните спортски клубови регистрирани на подрачјето на општините;

- поддржување на општинските сојузи, како највисока форма на организирање, искажана во сублимирање на активностите и потребите на спортските клубови на подрачјето на општината, обезбедувајќи просторни, материјални и кадровски услови за нивно функционирање.

Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спортот и младите за 2025 е направена и врз основа на Законот за младинско учество и младински политики. Цел на овој закон е да обезбеди:

- креирање и спроведување на политика на млади девојчиња и момчиња на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите;
- зајакнување на учеството на младите девојчиња и момчиња во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите (м/ж), како и зајакнување на свеста за важноста на момчињата и девојчињата и нивната општествена улога;
- промовирање меѓугенерациско партнерство за поддршка на учество на младите (м/ж) во процесот на донесување на одлуки и политики;
- поддршка и унапредување на младинското организирање;
- поттикнување на структурен дијалог на национално и локално ниво;
- поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинската работа и
- поттикнување на личен, професионален и социјален развој кај момчињата и девојчињата.

## III. Цели

Главни цели на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спортот и младите за 2025 година е афирмирање на Општина Свети Николе како Општина во којашто има развиена спортска активност на населението во општина која создава услови за развој и поддршка на програмите за спорт и спортско-рекреативните активности на спортските клубови, здруженија и организации од територијата на Општина Свети Николе. Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот ќе придонесе за зголемување на опфатот со спорт на момчињата и девојчињата, мажите и жените, и на машките и женски лица со попреченост.

Момчињата и девојчињата голем дел од своето време го поминуваат гледајќи телевизија или пред компјутер, каде несвесно се подложени на делување кое доведува до негативен одраз врз повеќе сегменти од нивниот живот.

Одговорност на општината е да се грижи за позитивно насочување на младите девојчиња и момчиња и нивно образување кон градење позитивни навики во однос на нивното целовкупно општествено делување, а со тоа и превенција од денешните пороци.

Реализацијата на програмите и проектите во делот на развој на спортско-рекреативните активности ќе придонесат поголема масовност и можност на мажите и жените за учество и стекнување на основните спортски вештини како што се моториката, спортското здравје итн. Преку организирањето на систем на натпревари и поддршка на спортски манифестации ќе се создаваат услови за дополнителна афирмација на населението да се вклучи во спортски активности. Општина Свети Николе преку поддршка на ваквите спортски настани во иднина ќе придонесе за популаризација на спортот и достојно репрезентатирање на општината.

Со поддршка на младите ќе се овозможи создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

## IV. Методологија

Поставеноста на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спортот и младите за 2025 е направена со изделеност на следниве категории:

- Поддршка на веќе традиционални Спортски манифестации;
- Поддршка на Спортски клубови, спортски здруженија и на училишниот спорт (со следниве поодели: спортски здруженија (носители), училишен спорт, ракомет, фудбал/футсал, кошарка и др.);
- Капитални инвестиции;
- Поддршка на млади и младинско учество.

Спортските манифестации коишто се поддржуваат во првата категорија на активности се спортски манифестации коишто традиционално се одржуваат на територијата на Општина Свети Николе и долгорочно успешното се реализизираат на истите, што се однеува на Подршка на Спортски клубови, спортски здруженија и на училишниот спорт (со следниве поодели: спортски здруженија (носители), училишен спорт, ракомет, фудбал/футсал, кошарка) истите доставуваат свои Предлози согласно ЈАВЕН ПОВИК За прибирање предлози за финансирање на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од областа на спортот, културата и поддршка на граѓанскиот сектор кои би се финансирале, од Буџетот на Општина Свети Николе за 2025 година БР. 0901-187 ОД 01.10.2024,, при што освен принципот на јавност и транспарентност на самиот повик Комисијата посветува посебно внимание осврнува на бодувањето и рангирањето согласно Правилникот за утврдување на начинот, постапката и критериумите за распределба на финансиски средства од Општина Свети Николе на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од областа на спортот, културата ѝи поддршка на граѓанскиот сектор бр. 0801-846 од 17.09.2024 г. („Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр. 9 од 2024 година).

Активностите на следните категории Капитални инвестиции и Поддршка на млади и младинско учество се утврдуваат врз основа на целите во Стратешките документи на Општината, Националните и регионалните стратешки документи, законските одредби како и потребите на мажите и жените при што се води сметка за застапеноста од двата пола.

Основи вредности и принципи врз кои се темели Програмата на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади во 2025 година се:

**Одговорност** - работење во согласност со законската регулатива, организирање на сите аспекти во насока на долгорочен развој и унапредување на спортот и младинското учество како и континуирано создавање услови за спортување и активности за момчиња и девојчиња.
**Развој** - континуирана поддршка на спортските клубови/здруженија за реализација на програмите и проектите и создавање на можности за омасовување на спортот и зголемување на бројот на спортисти кои се занимаваат со спортски активности на сите нивоа како и унапредување на инфраструктурните капацитети со цел подобрување на условите за тренинг.
**Транспарентност** - отворен пристап кон сите апликанти и учесници тангирани од програмата, транспарентно и одговорно управување со финасиските средства.
**Еднаков третман** - општина Свети Николе во својата Програма почитува еднаков третман на сите чинители. Да се осигураат, во рамките на своите одговорности, дека жените и мажите, момчињата и девојчињата како и машки и женски лица со попреченост, имаат еднакви можности и достапност за спортување и рекреација како и младински активизам.
**Пристапност** до објектите за спорт и објектите за младинско учество.
**Промоција** - спроведување кампања за промоција на спортот помеѓу младите момчиња и девојчиња како фактор за здрав и квалитетен живот. Активација на младите и зголемување на обемот на вклучување во спортски и младински активности во нивното слободно време.

## V. Активности

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Свети Николе ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Свети Николе во државата и надвор од неа.

## I.СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

| Ред. бр. | Активност | Временрт аење | Одговорни | Индикатори | Буџет на Општина Свети Николе 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. LO-464990 | Летен Турнир во мал Фудбал | Мај – Август 2025г. | Општина Свети Николе | Најмалку 10 екипи/ учесници на натпреварот<br><br>Организација од најмалку 5 дена со фудбалски натпревари<br><br>1 завршен Извештај од страна на организаторот | 180.000 |
| 2 LO-464990 | Турнир во мал Фудбал – с. Мустафино | Јули – Август 2025г. | Општина Свети Николе МЗ Мустафино | Најмалку 8 екипи учесници на натпреварот<br>Организација од најмалку 3 дена со фудбалски натпревари<br><br>1 завршен Извештај од страна на организаторот | 70.000 |
| 3 LO-464990 | Турнир во мал Фудбал – с. Ерџелија | Јуни – Јули 2025г. | Општина Свети Николе МЗ Ерџелија | Најмалку 8 екипи учесници на натпреварот<br>Организација од најмалку 3 дена со фудбалски натпревари<br><br>1 завршен Извештај од страна на организаторот | 70.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4<br>LO-<br>464990 | Турнир во кошарка 3x3 | Септември 2025г. | Општина Свети Николе | Најмалку 6 екипи/учесници на натпреварот<br>Организација од најмалку 2 дена со кошаркарски натпревари<br><br>1 завршен Извештај од страна на организаторот | 60.000 |
| 5<br>LO-<br>423410 | Меморијален турнир „Александар Серафимов“ | Октомври 2025г. | Општина Свети Николе Синдикат на ПС Свети Николе | Најмалку 4 екипи учесници на турнирот<br><br>Одржан најмалку 1 фудбалски натпревар<br>1 завршен Извештај од страна на организаторот | 50.000 |
| 6 .<br>LO-<br>464990 | Меморијален турнир во Шах „Тони Милошев | 2025 г. | Шаховски клуб Свети Николе | Најмалку 10 екипи учесници на турнирот<br><br>1 завршен Извештај од страна на организаторот | 40.000 |
| **Вкупно I:** | | | | | **470.000** |

**II. ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА Здруженија на училишниот спорт и др.**

| Бр. | Назив на Организација | Име на Предлог | Осовени Бодови | Предлог одброени средства | Област | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА** | | | | | | |
| LO-463120<br>0901-187/1 – 10 | Здружение за спорт и спортска рекреација Борале Свети Николе | Во здраво тело, здрав дух – да им овозможиме на децата да спортуваат | 55 | 20.000 | Спорт | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури,фотографии итн.) |
| 0901-187/1-16 | Здружение за детски развојни игри и спорт и спортски активности“ „ПЕЛА СПОРТ – 8 Свети Николе | Шанса за правилен психо – физички раст и развој на секое дете | 55 | 20.000 | Спорт | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури,фотографии итн.) |
| **УЧИЛИШЕН СПОРТ** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0901-187/1 – 20 | Здружение на училишен спорт Свети Николе | Со спорт до здраво Општество | 70 | 20.000 | СПОРТ | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури,фотографии итн.) |
| 0901-187/1 – 19 | Училишен спортски клуб „Овчеполски асови“ СОУ Кочо Рацин | Во здраво тело, здрав дух – да им овозможиме на децата да спортуваат | 70 | 20.000 | СПОРТ | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури,фотографии итн.) |
| 0901-187/1- 11 | Училишен спортски клуб „ЛИСКА-ПОТОК“ Свети Николе | Во здраво тело, здрав дух – да им овозможиме на децата да спортуваат | 70 | 20.000 | СПОРТ | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури,фотографии итн.) |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0901-187/1-21 | Училишен спортски клуб „Млади овчеполци“ Свети Николе | Во здраво тело, здрав дух – да им овозможиме на децата да спортуваат | 70 | 20.000 | СПОРТ | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури,фотографии итн.) |
| **РАКОМЕТ** | | | | | | |
| 0901-187/-6 | Женски ракометен клуб Овче Поле Славјански универзитет | Спортот како лек против пороците на модерното општество | 90 | 400.000 | СПОРТ | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури,фотографии итн.) |
| 0901-187/1- 17 | Здружение градски ракометен клуб Овче Поле 1958 | Да ја продолжиме традицијата во ракометот во Свети Николе | 85 | 400.000 | СПОРТ | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури,фотографии итн.) |
| **ФУДБАЛ, ФУТСАЛ** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0901-187/1-13 | ЗС Овче Поле Свети Николе | Финансиска поддршка за кативностите на Фудбалскиот клуб ЗС Овче Поле Свети Николе за 2025 | 85 | 1.300.000 | СПОРТ | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури, списоци на учесници, фотографии итн.) |
| 0901-187/1- 32 | Здружение Клуб во Мал Фудбал Овче Поле 2013 Свети Николе | Унапредување на футсалот и младинските категории во футсал во Општина Свети Николе | 85 | 300.000 | СПОРТ | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури,фотографии итн.) |
| **КОШАРКА** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 0901-187/1- 22 | КК Овче Поле Баскет – Вардар | За спортот нема граници | 55 | 20.000 | СПОРТ | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури,фотографии итн.) |
| 0901-187/1-33 | Кошаркарски клуб КК Овче Поле СВН 2023 Свети Николе | КК Овче Поле СВН 2023 | 80 | 400.000 | СПОРТ | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури,фотографии итн.) |
| **БОРЕЧКИ ВЕШТИНИ** | | | | | | |
| 0901-187/1-9 | Здружение карате клуб Империум 2023 Илинден – ОВЧЕ ПОЛЕ | Промоција на каратето и боречките вештини за здрав и активен живот на најмладите од Свети Николе | 56 | 30.000 | СПОРТ | Доставен 1 финансиски и наративен извештај за реализација на активноста/проектот со пропратна документација (фактури,фотографии итн.) |
| | | | **ВКУПНО II:** | **2.970.000** | | |

**III. КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ**

| Ред. бр. | Активност | Времетраење | Одговорни | Индикатори | Буџет на Општина Свети Николе 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. LAO-482920 | Изградба на соблекувални и помошни простории на градски стадион | Во тек на 2025г. | Одделение за јавни набавки и<br><br>Одделение за урбанизам | Уште 1 објект во употреба за спортска намена | 5.000.000 |
| **Вкупно III:** | | | | | **5.000.000** |

**IV. ПОДДРШКА НА млади и Младинско учество**

| Ред. бр. | Активност | Времетраење | Одговорни | Индикатори | Буџет на Општина Свети Николе 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Г1-426990 | проведување на избор на членки/ови на Совет на Млади<br>- Финансирање на потребите на Канцеларијата за млади | Континуирано 2025г. | Службеник за млади | Најмалку 5 члена на Советот за млади | 30.000 |
| 2. Г1-426990 | Спроведување на иницијатива за формирање на Младински | Во текот на 2025 г | Службеник за млади | Најмалку 1 простор достапен и адаптиран за Младински центар | 10.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | центар | | | | |
| 3.<br>Г1-<br>425930 | Изработка на Стратегија за млади | Во текот на 2025 г. | Одделение за ЛЕР | Изготвен 1 стратешки документ | 150.000 |
| 4.<br>Г1-<br>426990 | Финансирање на активности за млади (ж/м) – трибини, едукативни кампови, младинско учество, младинско информирање, еколошко – спортски – културни активности и др. | Во текот на 2025 г | Одделение за ЛЕР | Најмалку 4 активности организирани;<br><br>Најмалку 20 момчиња и девојчиња учесници/едуцирани; | 40.000 |
| | | **Вкупно IV:** | | | **230.000** |
| | | **Вкупно (I+II+III+IV):** | | | **8.670.000** |

## VI. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Свети Николе, од соодветни спортски сојузи во државата, од Агенцијата за спорт и млади, спонзорства и донации.

За активности од областите што не ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2025 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на Општината.

Согласно член 13 од Павилникот По усвојување на Годишните програми од страна на Советот на Општина Свети Николе, Градоначалникот склучува поединечни договори со Примателите на средства.

Согласно Член 25 од Законот за младинско учество и младински политики Од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво.

## VII. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Свети Николе спортските манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.

Општината на младите (ж/м) ќе им помага преку:

- организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес.

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа Програма ќе се одвива согласно согласно Правилникот за утврдување на начинот, постапката и критериумите за распределба на финансиски средства од Општина Свети Николе на програми, проекти, активности, натпревари и манифестации од областа на спортот, културата ѝи поддршка на граѓанскиот сектор бр. 0801-846 од 17.09.2024 г. („Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр. 9 од 2024 година).

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Вака концепираната Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт и млади овозможува да се задржат активностите што во изминативе неколку години се поддржани од Буџетот на општината.

Во областа на спортот во Програмата се предвидуваат оние спортски манифестации што го оправдаа своето одржување во претходната година, како и оние клубови и здруженија кои се јавија на јавниот повик со свои програми и извештаи,а се со цел транспарентно и правилно доделување на средствата предвидени за областа спорт.

Во областа на Поддршка на момчиња и девојчиња и младинско учество, поради завршување на мандатот на актуелниот Совет на Млади ќе се започне со постапка за Избор на Собрание за млади, со цел спроведување на избор на членови на совет на млади, коишто ќе се изврши на транспарентен начин и согласно **Законот за младинско учество и младински политики и Прирачникот за Локални младински совети,** како и активирање на канцеларијата за млади и Спроведување на постапакта за орварање на Младинскиот центар.

По изборот на Локалниот совет за млади ќе се пристапи кон Изработката на Стратегија за млади на Општина Свети Николе ќе предвиди конкретни чекори за развој на младинскиот сектор во општината со цел истиот да биде платформа за поголемо учество на момчињата и девојчињата во сите локални процеси . Во рамките на оваа стратегија ќе се предвиди и вклучување на граѓанскиот сектор во креирањето на локалните политики, вклучително и во планирање и изработка на стратешките документи во области во надлежност на локалната самоуправа. Со оваа стратегија општина Свети Николе ќе има за цел да го унапреди вклучување на момчињата и девојчињата во процесите на планирање, спроведување и следење на локалните политики.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе” а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**0801- 968**
**26.12.2024г.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**
__________________
**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 и член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02). Советот на Општина Свети Николе на 56 седница одржана на ден 26.12.2024 година, донесе:

# ПРОГРАМА

## за изградба,реконструкција и одржување на локални патишта и улици во општина Свети Николе во 2025 година

**Општи одредби:**

Оваа Програма претставува синтеза помеѓу потребите за одржување на постојната локална патна мрежа, нејзината неопходна реконструкција како ипланирањата за изградба на нови локални патишта на ниво на општина Свети Николе од една страна, како и изградба,одржување и реконстрикција на улиците во град Св.Николе и пошироко во општината.

Потребите од пробивање,модернизација и одржување(тековно и инвестиционо)на локалните патни правци отсекогаш биле и се од перманентно значење за комуникација помеѓу населените места во општината. Исто така, патот заедно со водоснабдувањето и некои други основни предуслови за живот на човекот се основните потерби за развојот на стопанските капацитети од сите сфери на животот.Во таа насока, општината Свети Николе како земјоделскосточарски регион во распространето ридскопланинско подрачје,со доизградбата на потребната локална патна мрежа до сите населени места може да се претендира на подинамичен развој, особено на сточарството, полјоделството,ловот,и планинскиот туризам во северозападниот дел на општината вотаканарачениот“Ѓуришки регион”.

Без постоењето на соодветна патна мрежа комуникацијата помеѓу луѓето,размената на добра,до туротнастока, асотоаисекаква појаваи иницијатива би се соочила со плоблеми уште во стартот. Токму од тие причини општина Свети Николе, посветува исклучително внимание на изградбата, одржувањето и реконструкцијата на постоечката патна мрежа,но ќе се залага за пробивање и изградба на локална патна мрежа до населените места каде тоа досега се уште не е сторено.

Потребите за развојот на локалната патна мрежа се уште се големи и ако досега постигнатите резултати посебно во последните десетина години се видливи и дадоа друг белег на Општината .Ако кон сето ова се додаде и нејзината географска местоположба и потребата од регионално и магистрално поврзување на целиот источен регион кон главниот град на Република Северна Македонија , кој според сите природни правци логички би било да поминуваат низ општина Свети Николе, тогаш се добива слика за потребите од развојот на патната мрежа во општината и сите патни правци.

**<u>Локални патни правци за зимско одржување:</u>**

**Во Општина Свети Николе,како локални патни правци сеутврдени:**

1. **Локаленпат број1,од село Амзибегово,спој с орегионален патР-105,до село Црнилиште,**водолжинаод 3,56км,ширинана коловозот3,50 м асфалтидодатнибанкиниодпо 1,00метарод двететранинапатот;делумно 1,8км
2. **Локален пат број2,од село Црнилиште до спојот со магистралниот пат М-5кај село Сарамзалино,**во должи на од
2,74км,кој е асфалтиран;
3. **Локален пат број3,од село Пеширово до село Црнилиште,**во должинаод 1,4км,и ширина на коловозот од 5,5м, асфалтиран

4.**Локален пат број 4,спој од регионален патР-105,кон село Ерџелија до село Мустафино,** во должина од 7,7км и ширина на коловозот од 5м изработено да асфалт како и банкини од двете страни од по1м;

5.**Локален пат број 5,од село Ерџелија кон село Кадрифако во** до спојот со магистралниот пат М-5кај**,** во должина од2,5,кми ширина на коловозот од 5,5мизработен од асфалт;

6. **Локален пат број6,од регионален пат Р-201,кај место викано “ПустоВалевци” до село Д.Ѓуѓанци,** во должина од3,15км, ширина на коловозот од 3,00м изработено до асфалт и банкини двапати по1м;
7. **Локален пат број7,спој од регионален пат Р-201,кај место викано “Пусто Валевци” до село Стањевци,** во должина од
3,1км, ширина на коловозот од 5,00 м изработен од асвалт и банкини два пати по1м;
8. **Локален пат број 8, од Свети Николе до село Кнежје,** во должина од 2,51км,ширина на коловозот од3,00м изработен од асвалт и банкини двапати по1м;

9.**Локален пат број 9,од село Горобинци до село Сопот,**во должина од3,42км,ширина на коловозот од 3,50м изработен од асвалт и банкини двапати по1м;

10.**Локален пат број10,од село Сопот преку село Преод до село Малино,**должина од10,87км,ширина на коловозот од3,5м изработен од асвалт и банкини двапати по1м;

11.**Локален пат број11,спој со магистрален пат”ОвчеПоле”до село Богословец,**во должина од4,7км,ширина на коловозот од
5,00м земјен пат;

12.-**Локален пат број 12, од село Преод до село Крушица,** во должина од 3,5км,земјен пат;

13.**Локален пат број13,спој со магистрален патМ-5кај”Овче Поле”,до село Делисинци,**во должина од 2,5км,ширина на коловозот од 5,00м земјен пат;

14.**Локален пат број14,од село Д.Ѓуганци д селоГ.Ѓуѓанци**, во должина од 3,3км пробиен патен правец;

15.**Локален пат број15,одсело Г.Ѓуѓанци до село Строиманци,**
Во должина од 3,2км,исто така пробиен

16.**Локален пат број16,одсело Немањици до село Макреш,**во должина од 5,64 км,непробиен;

17.**Локален пат број 17,спој со регионален патР-210,кај село Мечкуевци до село Ранченци** во должина од 1,4км,и ширина на коловозот од 5м,асвалтиран;

18.**Локален пат број18,од село Ранченци до село Патетини,**во должина од 3,2км,и ширина на коловозот од 4м-асфалтиран;да

19. **Локален пат број19 ,од село Немањиц и преку Буриловци до село Ерџелија,**во должина од 14,1км,земјен пат;
20. **Локален пат број 20, од село Буриловци преку село Арбасанци до село Стануловци** во должина од 4,2 км непробиен земјен пат;
21. **Локален пат број21,од село Малино преку Алакинци до село Стањевци,**во должина од 6,7км,непробиен земјен пат;
22. **Локален пат број22,спој од регионален пат Р-201,кој село Мездра до село Орел во** должина од 3,51кми ширина на коловозот од 3м изработен од асфалт како и банкини од двете страни од по1м;
23. **Локален пат број 23,село Крушица до спој со пат Малино- Сушица,** во должина од 4км тампониран,од кој 2,0км е и асфалтиран.

Исто така во оваа програма за зимско одржување подлежат и сите улици од град Свети Николе.

<u>**Локални патни правци за реконструкција и планирана изградба:**</u>

1. **Локален пат за изградба,спој клучка м.в.Преодски ливади до с.Алакинци со** во должина од 3,3км,ширина на коловозот од 4,0м земјен пат и е потребно истиот да се асфалтира;
2. **Локален пат за изградба од спој клучка магистрален пат Штип- Велес до с.Делесинци**,во должина од 2,5 км ширина на коловозот од4,0м земјен пат и е потребно истиот да се асфалтира;
3. **Локален пат за изградба од с.Преод до с.Трстеник,** во должина од 3,1км ширина на коловозот од 4,0м е земјен пат и е потребно истиот да се асфалтира.
4. **Локален пат за изградба, од село Долно Ѓуѓанци до село Горно Ѓуѓанци** во должина од 3.3 километри, ширина на коловозот од 4.0земјен пат и е потребно истиот да се тампонира и **асфалтира.**
5. **Локален пат Преод-Крушица** во должина од 3,5 км комплет изведба (моментално е земјен)
6. **Локален мегуопштински пат Горобинци-Иванковци** во должина од 6,15 кмза изградба(земјен пат)
7. **Локален мегуопштински пат Црнилиште-Милино** во должина од 9,1км за изградба_(земјен пат)
8. **Локален мегуопштински пат Мустафино-Врсаково** во должина од 4,9км за изградба(земјен пат)

**Од вкупната локална патна мрежа во должина 9,0км ( ширина 4,0метри) или со површина од 36.000,00 м2 се за реконструкција на постоечки асфалт.**

**Од вкупната локална патна мрежа во должи на 5,9 км(ширина 4,0 метри)или со површина од 23.600,00м2 се за изградба на пат со тампонирање и асфалтирање на истиот.**

Програмата за изградба,реконструкција и одржување на локални патишта и зимско одржување на улици во општина Свети Николе,за 2025 година како извори за финансирање ќе ги има следниве:

| А. | **ИЗВОРИНАФИНАСИРАЊЕ** | |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | Трансфери од магистрални и регионални патишта | 3.293.294 |
| | | |
| | **Вкупно:** | 3.293.294 |

**Вака планираните средства во 2025 година ќе бидат потрошени за изградба на нови и одржување на постоечките локални патишта и улици како и за зимско одржување во тековната година и тоа по следниот распоред на:**

| | | **РАСХОДИ** | |
|---|---|---|---|
| **ЈД** | | **Изградбаи реконструкција на локални патиштаи улици** | |
| | | Изградба иреконструкцијаналокални патишта | 2.425.038 |
| **Ј4** | | Зимско одржувањеналокалнипатишта | 868.256 |
| | | | |
| | | | |
| | | **Се вкупно:** | 3.293.294 |
| | | | |

Реализацијата на ова Програма воглавно ќе зависи од приливот на планираните средства во сите ставки од приходите.

Доколку не се обезбедат палнираните средства, општина Свети Николе ќе определи приоритет на планираните објекти по оваа Програма,како и степенот на реализација во рамките на обезбедените финансиски средства и други предуслови за отпочнување на работа. По потреба Програмата може да биде дополнувана,променувана.

**ЗАВРШНИОДРЕДБИ:**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе" а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр.0801-974**

**26.12.2024 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**

**Претседател**

**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 и чл.36 ст.1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) член 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19) ), а согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост(“Службен весник на Република Македонија“ бр. 193/16 и 72/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 16/22) Советот на Општина Свети Николе на **56** седница одржана на 26.12.2024 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за уредување на градежно земјиште на подрачјето**
**на Општина Свети Николе во 2025 година**

**ВОВЕД**

Оваа програма особено ги содржи следните поглавја:

I. Просторот кој е предмет на уредување;
II. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежно земјиште;
III. Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфрастурктура;
IV. Изворите на финансирањето на Програмата;
V. Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
VI. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба;
VII. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата;
VIII. Динамика и извршување на Програмата;
IX. Надомест за изградба и реконструкција на инфраструктурни објекти на територијата на Општина Свети Николе.
X. Одредби за реализација на програмата

## I.ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на ова Програма за уредување на гадежно земјиште за Општина Свети Николе е просторот кој е дефиниран како градежен опфат на градежно изградено и градежно неизградено земјиште дефинирано со Урбанистички план ,ЛУПД или ДУПД. за град Свети Николе и сите останати населени места во Општина Свети Николе.

## I.I . ПОДРАЧЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Градежното земјиште во град Свети Николе е поделено на 2 (две) зони според местоположбата во однос на централното градско подрачје и опфатот е ограничен со следното:

### 1.Подрачјето на 1-ва зона го опфаќа просторот помеѓу улиците:

Тргнувајки од раскрсницата помеѓу улица “Младинска” и „Карпошева”, по улицата „Младинска” до спој со улица „29-ти Ноември”, десно по улица „29-ти Ноември” до спој со улица „Јанко Глигоров”, лево по улица „Јанко Глигоров” до спој со улица „Филип 2”, десно по улца „Филип 2” се до сервисот „Бацоц”, десно преку мостот на „Светиниколска река” до улица „Маршал Тито” (Дистрибуција), десно по улица „Маршал Тито” до спој со улица „Гоце Делчев” лево по улица „Гоце Делчев” со спој со улица „11-ти Октомври”, десно по улица „11-ти Октомври” до спој со улица

„Септемвриска”, лево по улица „Септемвриска” до спој со улица „Крсте Мисирков”, десно по улица „Крсте Мисирков” до спој со улца „Овчеполска”, по целата должина на улица „Овчеполска” до спој со улица „Питу Гули”, десно преку мост (кај Дардо) до улица „Кочо Рацин”, по улица „Кочо Рацин” до спој со улица „Крсте Мисирков” и лево со улица „Крсте Мисирков” до раскрсница со „Младинска” и улица „Карпошева”

**2. Подрачјето на 2-ра зона го опфаќа просторот ограничен со улиците:**
Целиот друг простор на градот, освен површината опфатена во прва зона.

3.**Индустриска зона-Свети Николе**

Оваа индустриска зона го опфаќа просторот од Земјоделското училиште кон Овче Поле, од двете страни на регионалниот пат Свети Николе - Овче Поле се до границите определени со ГУП. Инвенститорите кои ќе градат надвор од границите на ГУП се ослободени од трошоци за уредување на градежно земјиште, а истото треба да го направат сами и на своја сметка, но со претходно обезбедување на сите потребни согласности.

4.**Индустриска зона ,,Овче Поле,,**

Оваа зона го опфаќа постојните капацитети на индустриски објекти кои се наоѓаат во делот помеѓу железничката станица и магистралниот пат М5 Штип –Велес , истите егзистираат и ново предвидените согласно Деталниот урбанистички план за индустриска зона ,,Овче поле,,

Инвенститорите кои ќе градат надвор од границите на УП се ослободени од трошоци за уредување на градежно земјиште, а истото треба да го направат сами и на своја сметка, но со претходно обезбедување на сите потребни согласности

**5. Зона “мало стопанство”**

Како посебен простор се појавува планираната Малостопанска а зона, која го опфаќа реонот помеѓу реката Периш, патот од “Југосуровина” до Здружението на возачите и автопатот Миладиновци - Штип.

**7.Населени места во Општина Свети Николе**

Прва зона:

А): Пеширово, Амзабегово, Ерџелија, Мустафино, Кадрифаково, Црнилиште, Горобинци,

Втора зона:

Б): Мездра, Долно Ѓуѓанци, Немањици, Трстеник, Сопот, Преод, Малино, Стањевци, Павлешенци, Мечкуевци, Ранченци и Кнежје.
В) сите останати места

## II. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежно земјиште се подразбира:
**II- 1** Подготвителни работи и
**II - 2** Расчистување на градежно земјиште

### II – 1 ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ

Под подготвителни работи се подразбира:
- Изработка на ажурирани геодетски подлоги и геодетски елаборати.
- Изработка на урбанистички планови
- Изработка на проектна документација за изградба на инфраструктурни објекти.

### II – 2 РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистување на градежното земјиште со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.
Под расчистување на градежното земјиште а градежната парцела се смета:
- Решавање на имотно правните односи;
- Уривање на постојните градежни и други објекти на градежно земјиште (градежна парцела), со транспорт на материјалот до одредена депонија

## III. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште е изградба на инфраструктурни објекти како што се пристапна улица,водоводна мрежа,канализациона мрежа,електро мрежа со сите свои приклучни елементи како канализациони,водомерни шахти,бандери и друго како можност за индивидуални приклучоци.

Приклучувањето на објектите во мрежата може да го вршат единствено овластени претпријатија по издадено одобрение за приклучок од Општина Свети Николе а на товар на барателите за приклучок, согласно нивните пресметки за потрошен материјал,работна рака ,такси и друго..

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежно земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

**III– 1 Основен степен на уреденост претставува опременост со:**

- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат,(улици со тротоари);пешачки патеки и други површини согласно урбанистички планови
- изградба на електрична мрежа;
- улично осветлување
- изградба на водоводна мрежа
- изградба на фекална канализација.
- Изградба на атмосферска канализација

**III – 2 Повискок степен на уреденост:**

Повисок степен на уреденост ги опфаќа објектите од точка **III– 1** и доплнително

- ПТТ(оптичка-телекомуникациона)мрежа
- топлификациона мрежа
- паркинг простори
- гасоводна мрежа
- пречистителна станица за отпадни води

**III-3 Понизок степен на уреденост**

-непречен пристап до градежна парцела од некатегоризиран јавен пат
-сопствено водоснабдување(нема приклучок на водоводна мрежа)
-септичка јама(нема приклучок на фекална канализација)
-сопствен одвод на атмосферски води(нема атмосферска канализација)
-нестандардно улично осветлување
-надземна нестандардана електрична мрежа.

**III –4 Опремување со објекти од комуналната инфраструктура до градежната парцела:**

а.) Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:
- основни градски сообраќајници (примарни и секундарни);
- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;

- магистрални и примарни водоводи за довод на вода заедно со пратечки објекти;
- магистрални и примарни водоводи за одвод на фекална и атмосферска вода заедно со пратечки објекти;
- градски плоштади и јавни прометни површини (улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови);
- изградба на јавно осветлување и
- изградба на јавно зеленило.

б.) Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши:
- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта;
- изградба на секундарна нисконапонска електрична мрежа, до приклучен орман за индивидуални станбени згради и со разводен орман за колективни станбени згради;

Трошоците за уредување на градежното земјиште, што подразбира примарни инфраструктурни објекти со приклучни елементи како можност за индивидуални приклучоци се на товар на Општина Свети Николе.

Трошоците за уредување на градежното земјиште, до градежната парцела согласно склучен договор со Општината може да ги плати и инвеститорот, правно или физичко лице.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на правни, технички услови и материјални средства, но не подолго од пет години по целосната уплата на средствата од страна на инвеститорот.

**III – 5 Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела.**

Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши сопственикот на земјиштето согласно Одобрението за градба. (инвеститорот).

**IV. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ПРИХОДИ –РАСХОДИ**

**ПРИХОДИ**

| А.Извори на финансирање | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ПРИХОДИ ОД БУЏЕТ НА ОПШТИНА 2025год .** | **ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ 2025 год** | **ПРИХОДИ КРЕДИТ 2025год** |
| 1 | Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на објекти | 6.000.000 | | |
| 2 | Средства од надоместок за користење на јавно прометни површини | 1.000.000 | | |
| 3 | Приходи од јавно осветлување | 13.000.000 | | |
| 4 | Приходи од закупнина на имот на општина Свети Николе | 1.000.000 | | |
| 5 | Други неданочни приходи на општината | 500.000 | | |
| 6 | Надомест од продажба на градежно земјиште | 5.000.000 | | |
| 7 | Трансфери од Агенција за државни патишта | 3.293.294 | | |
| 8 | Надоместок од утврдување на правен статус на бесправни изградени објекти | 2.000.000 | | |
| 9 | Приходи од закуп на земјоделско земјиште | 25.000.000 | | |

|  |  |  |  |  |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Приходи од надоместок за одржување на јавна чистота | 2.000.000 |  |  |
| 11 | Министерство за транспорт | 41.455.920 |  |  |
| 12 | Вишок на приходи пренесен од минати години | 3.177.998 |  |  |
|  | **ВКУПНО** | **103.427.212** | **0** | **0** |

**РАСХОДИ**

|  |  |  | БУЏЕТ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ф** |  | **УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ** | 2025 | 2025 | 2025 |
| **Ф1** | **Ф10** | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** |  |  |  |
|  | **425640** | ГУП, ДУП, УП за село, УП вон населено место -Урбанистичко архитектонски проекти и ревизија на горе наведените и геодетски услуги | 3.000.000 |  |  |
|  | **425640** | Геодетски услуги | 2.000.000 |  |  |
|  |  | **Вкупно Ф1** | **5.000.000** |  | **0** |
| **Ф2** | **Ф20** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** |  |  |  |
|  | **425980** | Надзор на изведбени работи во инфраструктурата | 1.000.000 |  |  |
|  | **425930** | Стратегиска оцена за влијание на УП врз животната средина | 400.000 |  |  |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 425970 | Елаборати за животна средина | 200.000 | | |
| | 425970 | Стручна ревизија на урбанистички планови | 350.000 | | |
| | 425930 | Геомеханички истражувања | 400.000 | | |
| | | **Вкупно Ф2** | **2.350.000** | **0** | **0** |
| **ФА** | | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ(КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | |
| **ФАА** | **485420** | Експропријација | 2.500.000 | | |
| | **482910** | Подготвување на техничка документација за сите видови на проекти за инфраструктурни објекти и ревизија на горенаведените | 4.000.000 | | |
| | | **Вкупно ФА** | **6.500.000** | **0** | **0** |
| **ЈГ** | **ЈГА** | **СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА - КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | |
| | **482730** | Реконструкција на водоводна мрежана во град Свети Николе | 2.000.000 | | |
| | | **ВКУПНО Ј Г** | **2.000.000** | **0** | **0** |
| **ЈИ** | **ЈИВ** | **ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ** | | | |
| | **482930** | Реконструкција на канализациона мрежа во град Свети Николе | 2.000.000 | | |
| | | **Вкупно ЈИ** | **2.000.000** | **0** | **0** |
| **Ј3** | **Ј30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | |
| | **421110** | Јавно осветлување – потрошувачка на ел.енергија | 4.500.000 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 423910 | Новогодишно украсување | 400.000 | | |
| | 423910 | Реконструкција на капацитетите за енергетика | 1.800.000 | | |
| | | **Вкупно J3** | **6.700.000** | | |
| **J4** | **J40** | **JАВНА ЧИСТОТА** | | | |
| | 424590-2500000,42451-1400000 | Чистење на јавно прометни површини | 3.900.000 | | |
| | 424510 | Чистење на градското речно корито (3 пати во годината) | 900.000 | | |
| | 424510 | Чистење на речно корито на река Периш | 500.000 | | |
| | 424320 | Зимско одржување | 1.200.000 | | |
| | 425990 | Проект за јавна чистота –ангажирање на лица | 1.000.000 | | |
| | | **Вкупно J4** | **7.500.000** | | **0** |
| **J5** | | **JАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ** | | | |
| | J50-421440 | Јавен локален превоз на патници во рурални средини во Општина Свети Николе | 600.000 | | |
| | | **Вкупно J5** | **600.000** | **0** | **0** |
| | J60 | **ОДРШУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ,УЛИЦИ И МОСТОВИ И РЕГУЛИРАЊЕ МА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈОТ** | | | |
| **J6** | 423910 | Обележување и поставање на хоризонтална и вертикална сигнализација и поставување на автобуски постојки во град Свети Николе | 1.000.000 | | |
| | | **Вкупно J6** | **1.000.000** | **0** | **0** |
| | J70 | **ОДЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | | |
| **J7** | 423910 | Одржување на зелени површини околу зградите -набавка на расадни цвекиња , дрва и спомен обележјата на територија на Општина Свети Николе | **500.000** | | |
| | | **Вкупно J7** | **500.000** | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| J8 | J80 | **ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | |
| | 425940 | Рушење на бесправно изградени објекти | 200.000 | | |
| | 425530 | Ерадикација на животни скитници и дератизација | 500.000 | | |
| | | **Вкупно J8** | **700.000** | | **0** |
| | ЈД | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПАТИШТА** | | | |
| ЈД | ЈДА | **Изградба и реконструкција на локални улици и патишта во општина Свети Николе** | | | |
| | 482130 | Реконструкција на улици во град Свети Николе краци на ул. "Септемвриска",крак на ул. "Ангел Трајчев","29 -ти Ноември","Вардарска"11-ти Октомври и" Трајан Циклев" ,краци на ул. "4-ти Јули",краци на улица Скопска и ул. Ванчо Ангелов ,Реконструкција на пешачките патеки во новиот Градски Парк и други улици во град Свети Николе, санација на ул. кон основно училиште с.Амзабегово -развојна програма | 20.000.000 | | |
| | ЈДВ | **Рконструкција на тротоари и улици во Општина Свети Николе-со бехатон** | | | |
| | 482130 | Изградба, санација и реконструкција на тротоари во град Свети Николе и тоа :во централното градско подрачје,ул. Крсте Мисирков,ул.Маршал Тито кај Земјоделското училиште и ул.4-ти Јули.Преостанатите тротоари во населба Бел Каменкои не се реконструирани во 2024 година и други населени мецта во град Свети Николе -развојна програма | 3.000.000 | | |
| | JDN-482130 | Реконструкција на улица Кумановска и улица Ќиќевачка | 8.407.902 | | |
| | JDG-482130 | Реконструкција дел од улица Септемвриска | 2.551.952 | | |
| | JDE-482130 | Реконструкција улица Глигор Прличев | 3.219.025 | | |
| | JDC-482130 | Реконструкција на дел од улица Македонска | 1.745.237 | | |
| | JDR-482130 | Реконструкција на улица Борис Трајковски | 3.997.841 | | |
| | JDM-482130 | Реконструкција на улица Улов Палме | 3.693.373 | | |
| | JDZ-482120 | Изградба на улица Сопотска | 5.187.872 | | |
| | JDI-482120 | Изградба на улица Живко Чинго крак 1 | 3.825.855 | | |
| | JDV-482130 | Реконструкција на улица с. Горобинци | 4.888.704 | | |
| | JDT-482130 | Реконструкција на улица с. Црнилиште | 4.382.335 | | |
| | | **Вкупно ЈД** | **64.900.096** | **0** | **0** |
| JM | | **ИЗГРАДБА НА ПАРКОВИ ПОВРШИНИ –ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА** | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **JMA-482930** | Одржување на фонтани во град Свети Николе | 100.000 | | |
| | **JMA - 482920** | Изградба на детски игралишта во населба Поглед и на ул. Младинска на празниот простор ,изградба на детско катче во Градски Парк Свети Николе | 1.000.000 | | |
| | **JMB-482920** | Изградба на пешачка патека покрај Светиниколска река во Градски Парк-Свети Николе | 1.277.116 | | |
| | | **Вкупно JM** | **2.377.116** | | **0** |
| **JH** | | **УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | | | |
| | **JHA** | **Друга урбана опрема-капитални расходи** | | | |
| | 480190 | Партерно уредување на централно градско подрачје и стара чаршија во град Свети Николе и реновирање на тоалетите во градскиот пазар | 1.000.000 | | |
| | 480190 | Набавка на клупи за седење на јавни површини ,корпи за отпадоци и чешми за на јавни површини | 150.000 | | |
| | 480190 | Набавка и монтирање на лулашки,кошови,голови на детски игралишта и мрежа за нивно оградување во град и селата | 150.000 | | |
| | | **Вкупно JH** | **1.300.000** | | 0 |
| | | **ВКУПНО ЗА J-ПРОГРАМА** | 89.577.212 | 0 | 0 |
| | | **ВКУПНО Ф –ПРОГРАМА** | 13.850.000 | 0 | 0 |
| | | **СЕ ВКУПНО** | **103.427.212** | **0** | **0** |

| Активности | Временрање | Одговорни | Индикатори | Буџет |
|---|---|---|---|---|
| Реконструкција на водоводна мрежа во град Свети Николе | Континуирано во 2025 г. | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште<br>Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | По потреба, со изготвување на предмер пресметка од страна на Сектор за урбанизам ...<br>Презентирано на јавна расправа | 2.000.000 ден. |
| Реконструкција на канализациона мрежа во град Свети Николе | Континуирано во 2025 г. | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште<br>Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | По потреба, со изготвување на предмер пресметка од страна на Сектор за урбанизам ...<br>Презентирано на јавна расправа | 2.000.000 ден. |
| Реконструкција на улици во град Свети Николе<br>Краци на ул.Септевриска, крак на ул.Ангел Трајчев | Континурано во 2025 г. | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште<br>Надзорен орган | Улиците ке се реконструираат, по завршена јавна набавка односно избор на изведувач. | 20.000.000 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ,29-ти Ноември ,Вардарска,11-ти Октомври и Трајан Циклев.Краци на ул. Скопска и Ванчо Ангелов ,Реконструкција на пешачките патеки во Новиот градски парк и други улици во град Свети Николе,санација на улица кон основно училиште во с. Амзабегово - развојна програма | | (склучен договор по јавна објава) | Презентирано на јавна расправа | |
| Изградба, санација и реконструкција на тротоари во град Свети Николе и тоа :во централното градско подрачје,ул. Крсте Мисирков,ул.Маршал Тито кај Земјоделското училиште и ул.4-ти Јули.Преостанатите тротоари во населба Бел Каменкои не се реконструирани во 2024 година и други населени мецта во град Свети Николе - развојна програма | Континуирано во 2025 г. | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште | Реконструкција-та ќе се врши по завршена јавна набавка односно избор на изведувач Презентирано на јавна расправа | 3.000.000 ден. |
| Реконструкција на улица Кумановска и Ќиќевачка | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Изготвена проектна документација Презентирано на јавна расправа | 1.699.221 ден. – од буџет на Општина Свети Николе и 6.708.681 ден. – од Министерство за транспорт |
| Реконструкција на улица Септевриска | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Изготвена проектна документација по завршена јавна набавка односно избор на изведувач. | Обезбедени средства од Министерство за транспортво износ од 2.529.881 ден. |
| Реконструкција на улица Глигор Прличев | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Изготвена проектна документација по завршена јавна набавка односно избор на изведувач. | Обезбедени средства од Министерство за транспортво износ од 3.219.025 ден. |
| Реконструкција на улица Македонска | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Изготвена проектна документација по завршена јавна набавка односно избор на изведувач. | Обезбедени средства од Министерство за транспортво износ од 1.745.237 ден. |
| Реконструкција на улица Борис Трајковски | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште | Изготвена проектна документација по завршена јавна набавка односно | Обезбедени средства од Министерство за транспортво износ од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | избор на изведувач. | 3.997.841 ден. |
| Реконструкција на улица Улоф Палме | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Изготвена проектна документација по завршена јавна набавка односно избор на изведувач. | Обезбедени средства од Министерство за транспорт во износ од 3.693.373 ден. |
| Изградба на улица Сопотска | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Изготвена проектна документација по завршена јавна набавка односно избор на изведувач. | Обезбедени средства од Министерство за транспорт во износ од 5.187.872 ден. |
| Изградба на улица Живко Чинго | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Изготвена проектна документација по завршена јавна набавка односно избор на изведувач. | Обезбедени средства од Министерство за транспорт во износ од 3.825.855 ден. |
| Реконструкција на улица с. Горобинци | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Изготвена проектна документација по завршена јавна набавка односно избор на изведувач. | Обезбедени средства од Министерство за транспорт во износ од 4.888.704 ден. |
| Реконструкција на улица с. Црнилиште | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Изготвена проектна документација по завршена јавна набавка односно избор на изведувач. | Обезбедени средства од Министерство за транспорт во износ од 4.382.335 ден. |
| Изградба на пешачка патека покрај Светиниколска река во Градски Парк во Свети Николе | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Изготвена проектна документација по завршена јавна набавка односно избор на изведувач. | Обезбедени средства од Министерство за транспорт во износ од 1.277.116 ден. |
| Изградба на детски игралишта во населба Поглед и на ул. Младинска на празниот простор ,изградба на детско катче во Градски Парк Свети Николе | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | по завршена јавна набавка односно избор на изведувач Презентирано на јавна расправа | 1.000.000 ден |
| Партерно уредување на централно градско подрачје и стара чаршија во град свети николе | Кнтинуирано во 2025 | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште Надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | по завршена јавна набавка односно избор на изведувач Презентирано на јавна расправа | 1.000.000 ден |
| Набавка на клупи за седење на јавни површини, корпи за отпадоци и чешми за на јавни површини | Континуирано во 2025 г. | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште | по завршена јавна набавка односно избор на изведувач Презентирано на | 150.000 ден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | јавна расправа Консултација со жителите | |
| Набавка и монтирање на лулашки, кошови, голови на детски игралишта и мрежа за нивно оградување во град и села | Континуирано во 2025 г. | Сектор за урбанизам, животна средина, комунални работи и и отуѓување на градежно земјиште | по завршена јавна набавка односно избор на изведувач Презентирано на јавна расправа Консултација со жителите | 150.000 ден |

Во текот на 2025 година планирани се следните активности за кои се поднесени апикации за обебедување на средства за нивна реализација:
-Општна Свети Николе има аплицирано по разни министерства како и други извори на финансирање за следниве проекти се очекува дека дел од нив доколку се обезбедат средства ќе се реализираат во текот на 2025 година :

1. Фекална канализација с. Мустафино во износ од 12.350.000 денари.
2. Фекална канализација с. Кадрифаково во износ од 23.259.037 денари.
3.Реконструкција на Филтер станица - I фаза во износ од 103.000.000 денари
4.Фекална канализација –Кнежевски пат 19.500.000 денари
5. Водоводна мрежа на Кнежевски пат 9.900.000 денари

Во текот на 2025 година ќе има повторно јавен повик од страна на Министерство за транспорт и Општина Свети Николе ќе аплицира со следните проекти :

- Пешачка патека кај летниковците на брана Мавровица износ од 3.800.000 денари
- Мост во с. Мустафино (проектот е во фаза на изработка)
- Изградба на улица во с. Ерџелија покрај детската градинка (проектот е во фаза на изработка)
- Изградба на улици во с. Пеширово и с. Мустафино
- Тампонирање на улици со гребен асфалт во помалите села во Општина Свети Николе
- Реконструкција на улица Карпошева и крак на истата

По потреба во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција.

Програмата за уредување на градежно земјиште е рамноправна во однос на мажите и жените. При нејзината изработка се земаа предвид потребите,улогите и начините на користење на времето и ресурсите од страна на жените и мажите.
Конкретно ќе бидат земени предвид потребите и навиките на жените и мажите од населените места и тоа при
- Планирање на коловози да се предвиди и изградба на тротоари со цел да одговори на потребите на жените и мажите за движење ,како и истите да бидат пристапни за детски колички и лица со посебни потреби кои се движат со помош на количка.
- При планирање на мрежа за осветлување ,истата да соодвестува на движењето на жените ,со што ќе се обезбеди нивна поголема безбедност.
- Планирањето на изградба и реконструкција на водоводна мрежа , да се води од потребите на мажите и жените и нивните различни улоги во домаќинството. - Дополнително ,во насока на подобрување на животот на жените и мажите во општина , во програмата се планира изградба на пешачка и велосипедска патека ,како и детско игралиште во една од населбите.

На овој начин Општина Свети Николе покажува дека ги подржува и применува принципите на одговорно креирање на политиките и следствено – одговорно буџетирање во однос на мажи и жени и девојчиња и момчиња. Покрај ова овие практики имаат за цел да ги слушнат и да одговаараат подеднакво на потребите на мажите и жените ,тие истовремено го зголемуваат нивото на транспарентност, го

подобруваат учество награѓан(к)ите и ги подобруваат економските политики на општината.

Програмата овозможува буџетско следење ,транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на буџетирање кое ги опфаќа и мажите и жените.
од 80% од надоместокот што се плаќа за основен степен на уреденост.

| АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕТРАЕЊЕ | ОДГОВОРНИ | ИНДИКАТОРИ | БУЏЕТ |
|---|---|---|---|---|
| Изградба на фекална канализација во с.Мустафино | Континуирано 2025година | Сектор за урбанизам, отуѓување на градежно земјиште, комунални работи и животна средина, надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Одржан состанок со месната заедница на с.Мустафино, на кој учествуваа пет жени и пет мажи Изготвена проектна документација | 12.350.000 ден - обезбеден од Министерство за животна средина |
| Изградба на фекална канализација во с.Кадрифаково | Континуирано 2025 година | Сектор за урбанизам, отуѓување на градежно земјиште, комунални работи и животна средина, надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Одржан состанок со месната заедница на с.Кадрифаково, на кој учествуваа 2 жени и 3 мажи Изготвена проектна документација, | 23.259.037 ден Поднесена апликација |
| Изградба на фекална канализација на Кнежевски пат | Континуирано 2025 година | Сектор за урбанизам, отуѓување на градежно земјиште, комунални работи и животна средина, надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Врз основа на продадени нови плацеви , на кој учествуваа 4 жени и 6 мажи Изготвена проектна документација, | 19.500.000 ден Поднесена апликација |
| Реконструкција на филтер станица- I фаза | Континуирано 2025 година | Сектор за урбанизам, отуѓување на градежно земјиште, комунални работи и животна средина, надзорен орган (склучен договор по јавна објава) | Поднесено барање за изработка на проектна документација. | 103.000.000 Поднесени апликации |

**Глава VI – „Висина на комуналниот надоместок за уредување на градежно земјиште на територија на Општина Свети Николе„** точка **(1) се менува и гласи:**

**(1**) Висината на трошоците за уредување на градежно земјиште во зависност од степенот на уреденост се пресметува по метар квадратен на новата корисна површина што ке се гради, што претставува збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот , согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со следните коефициенти**:**

1. За станбени објекти:
- станбени повшини, 1,0,
- станбени простории со висина до 2,50м, потпокривен простор 0,2

- лоѓија затворена од три страни, 0.4.
- подлогија затворена од две страни,0,3,
- балкони, тераси, 0,2,
- заеднички проодни тераси, пасажи, 0,2,
- помошни простории,остава за гориво, котлари, визба , 0,3,
- трафостаници од 35 Кв во објектот и надвор од ојектот, 0,3,
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,3,
- стражарница, управител, простории за одмор, 0,5,
- паркиралиштаи гаражи, 0,1.

2. За деловни јавни производни објекти:

- простории, 1,0,
- магацини, 0,5,
- помошни простории, остава за гориво, котлара, 0,3,
- трафостаница до 35 Кв во објект и надвор од објект, 0,4,
- скалишен простор и заеднички комуникации, 0,5,
- паркиралиштаи гаражи, 0,1,
- лоѓија затворена од три страни, 0,5,
- подлоѓија затворена од две страни, 0. 4,
- балкони, тераси, 0,3 и
- отворен наткриен простор, 0,3.

3. За други објекти:

- катни гаражи, 0,05
- спортски покриени објекти, 0,5
- спортски откриени објекти,0,3
- гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата, 1,0,
- отворени пазаришта-за 30% од површината на локацијата, 1,0
- базени, 0,2,
- трафостаници над 35 Кв, 1,0.

4.За објектите од група на класа на намени,,Г,,-производство, дистрибуција и сервиси“:

| | |
|---|---|
| - Г1 - тешка и загадувачка индустрија | 0,05 |
| -Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија | 0,01 |
| -Г3 – сервиси | 0,01 и |
| -Г4 – Стоваришта | 0,01 |

5.-за објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво,биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), 0,01 и

6.-за објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела, 0,01.

7.За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво,биомаса, геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка 5.

8.За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка 6.

9.За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000,00 денари за една ветерница.

10. За Бензинска пумпна станица и нејзини придружни објекти (продавници, кафетерии, ресторани, авто сервиси, автосалони и помошни простории) 1,0

11.За објекти од група на класи на намени Б5 (угостителски и туристичкикомплекси,хотелски комплекси и одмаралишта) и за група на класи на намени А4(хотел ,мотел,времено сместување во викенд куќи,планинарски и ловен дом) -сите простории 0,05

12.За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:

- сите простории 0,05

8.За објекти за високо образование:

- сите простории 0,05

9.За објекти за култура:

-сите простории 0,05

10. За објекти на терцијарна здравствена заштита:

-сите простории 0,05

(2) По исклучок од став (1), во новата корисна површина што ќе се гради согласно заверената проектна документација не се пресметуват површините на:

-ѕидови и другите конструктивни елементи,
- инсталационите канали,
- окната на лифтови,
- окна на врати и
- отворени паркиралишта.
- подземни резервоари
- објекти заштитени како културно наследство

(3) За агро берзи,откупно дистрибутивни центри или пазари, висината на трошоците за уредување на градежно земјиште ,во зависност од степенот на уредување ,се пресметува на 50% од вкупната површина.

(4)За објектите од класи на намени ,,Г,, висината на трошоците не смее да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во РМ за последната година помножена со коефициентите опишани во предходниот став.

(5) За линиски инфраструктурни објекти – државни патишта, локални патишта и улици, магистрални улици, собирни улици, водоводи, канализации, железнички пруги, гасоводи, топловоди, далноводи со напонско ниво до и над 35 KW како и за брани со акумулации, термоцентрали, езерски и речни пристаништа и за доградби и надградби на објекти за кои е донесена одлука од страна на советот на општината согласно чл. 67-а став 1 од Законот за градење, а инвеститор е општината, не се утврдуваат трошоци за уредување на градежно земјиште

(6) Доколку со изградбата на објекти е предвидено отстранување на постоечки објекти запишани во имотен лист кои се наоѓаат на истата градежна парцела, при пресметувањето на висината на трошоците за уредување на градежно земјиште, од новата корисна површина се одбива површината утврдена во имотниот лист за постоечките објекти кои ќе се отстранат со изградбата на новите објекти.

Во овие случаи , површините на подпокривен простор, лоѓија, подлоѓија, балкони, тераси, заеднички проодни тераси, пасажи, помошни простории, визба, скалишен простор, заеднички комуникации, паркиралишта и гаражи на постоечките објекти се одбиваат само од новата корисна површина на објектот која е со иста намена со намената на површините на наведените простории и делови од објектот.

13. За ветерници за производство на електрична енергија се плаќа надоместок во износ од 1.200.000,00 денари за секоја единица

Врз основа на тоа висината на надоместокот е даден по зони пооделно:

**ЗОНА - 1**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | комунален надоместок по основ на корисна станбена површина за новоградби, доградби и надградби | 1.550,00ден/м$^2$ |
| 2 | Комунален надоместок по основ на корисна деловна површина за локации со неуреден партер, со обезбеден пристап и инсталации | 2.900,00ден/м$^2$ |
| 3 | Комунален надоместок по основ пренамена од корисна станбена површина во корисна деловна површина | 1.350,00ден/м$^2$ |
| 4 | За објекти од категорија А-2(колективно домување) за станбен простор | 1.550,00ден/м2 |
| 5. | За објекти од категорија А-2(колективно домување) за деловен простор | 2.900,00ден/м2 |

**ЗОНА - 2**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | комунален надоместок по основ на корисна станбена површина за новоградби, доградби и надрадби | 1.450,00ден.м/$^2$ |
| 2 | Комунален надоместок по основ корисна деловна површина за локации со неуреден партер, со обезбеден пристап и инстелации | 2.300,00 ден/м$^2$ |
| 3 | Комунален надоместок по основ на пренамена од корисна станбена површина во корисна деловна површина | 850,00 ден/м$^2$ |
| 4 | За објекти од категорија А-2(колективно домување) за станбен простор | 1.450,00ден/м2 |
| 5. | За објекти од категорија А-2(колективно домување) за деловен простор | 2.300,00ден/м2 |

Висината на надоместок за уредување на градежно земјиште во зона ,,1,,и во зона ,,2,, е според дадените табели со исклучок за објекти од ,,Г,, класа на намени која ке изнесува 30% од просечно исплатена нето плата во РМ за последната година помножена со коефициентите од точка VI од оваа програма а согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост("Службен весник на Р.М. „бр.193/16),и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РСМ„ бр.72/18, бр.16/22).

## БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ ЧИИ ИМАТЕЛИ СЕ ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

За бесправно изградените објекти чии иматели се верските заедници и кои согласно чл. 57 став 2 од Законот за градење претставуваат градби од втора категорија и се од локално значење, а кои се изградени пред влегување во сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, не се плаќа надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти.

**ИНДУСТРИСКА ЗОНА-Свети Николе**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на овој дел ке биде како во зона 2 со исклучок за објекти од ,,Г,, класа на намени ке изнесува 30% од просечно исплатена нето плата во РМ за последната година помножена со коефициентите од точка VI од оваа програма а согласно "Правилникот за степен и висина на трошоци за уредување на градежно земјиште"(Сл.в.на РМ бр 193/16) , и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РСМ„ бр.72/18, бр.16/22),

За ветерници за производство на електрична енергија се плаќа надоместок во износ од 1.200.000,00 денари за секоја единица

**ИНДУСТРИСКА ЗОНА,,Овче поле,,**

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште на овој дел ке биде како во зона 2 со исклучок на објект од ,,Г,, класа на намени која ке изнесува 30% од просечно исплатена нето плата во РМ за последната година помножена со коефициентите од точка VI од оваа програма а согласно "Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост("Службен весник на Р.М. „бр.193/16),и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РСМ„ бр.72/18, бр.16/22).
За ветерници за производство на електрична енергија се плаќа надоместок во износ од 1.200.000,00 денари за секоја единица

**зона "МАЛО СТОПАНСТВО"**

Висината на надоместок за уредување на градежно земјиште на овој дел ке биде како во зона 2 со исклучок на објектите со класа на намени ,,Г,, каде што висината на надомест ке се пресметува 30% од просечно исплатена нето плата во РМ за последната година помножена со коефициентите од точка VI од оваа програма а согласно "Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост("Службен весник на Р.М. „бр.193/16),и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РСМ„ бр.72/18, бр.16/22).
За ветерници за производство на електрична енергија се плаќа надоместок во износ од 1.200.000,00 денари за секоја единица

**Населени места во Општина Свети Николе**

Во населените места во Општината - Свети Николе, надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа по зони и тоа на следниот начин:

**Прва зона:**

За: Пеширово, Амзабегово, Ерџелија, Мустафино, Кадрифаково, Црнилиште, Горобинци,. Надоместокот за оваа зона ќе изнесува 20 % од висината во зона 2 за град Свети Николе со исклучок на за објекти од ,,Г,, класа на намени ке изнесува 20% од просечно исплатена нето плата во РМ за последната година

помножена со коефициентите од точка VI од оваа програма а согласно "Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост("Службен весник на Р.М. „бр.193/16),и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РСМ„ бр.72/18, бр.16/22).

За ветерници за производство на електрична енергија се плаќа надоместок во износ од 1.200.000,00 денари за секоја единица

**Втора зона:**

За Мездра, Долно Ѓуѓанци, Немањици, Трстеник, Сопот, Преод, Малино, Стањевци, Павлешенци, Мечкуевци, Ранченци и Кнежје.
,. Надоместокот за оваа зона ќе изнесува 15 % од висината во зона 2 за град Свети Николе со исклучок на за објекти од ,,Г,, класа на намени ке изнесува 15% од просечно исплатена нето плата во РМ за последната година помножена со коефициентите од точка VI од оваа програма а согласно "Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост("Службен весник на Р.М. „бр.193/16),и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на РСМ„ бр.72/18, бр.16/22).

За ветерници за производство на електрична енергија се плаќа надоместок во износ од 1.200.000,00 денари за секоја единица

**Трета зона:**

За ветерници за производство на електрична енергија се плаќа надоместок во износ од 1.200.000,00 денари за секоја единица

За останатите видови градби во трета зона не се плаќа надоместок за уредување градежно земјиште.

Трошоците за уредување на повисок степен на уреденост може да се зголемат доколку се изведени инфраструктурни мрежи од повисок степен за најмногу 20% од утврдените трошоци.
Доколку градежното земјиште е уредено во степен понизок од степенот на основно уредување, надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се намали сразмерно на степенот на уреденост,при што намалувањето на надоместокот не може да биде повеќе

## VII. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

За висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште по писмена форма директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација енергетски и други согласности.
Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор се наплатува еднократно во висина на евентуалната разлика, а средствата се неповратни.

Во случај кога опремувањето на градежното земјише е завршено во претходниот период за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување - целосен надоместок.
Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основната инфраструктурна мрежа, а на неа треба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.
Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делуно уредување на земјиштето – делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.
За објекти за кои до донесување на Законот за Локална самоуправа има склучени Договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни Решенија за локациски услови, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Свети Николе и во меѓувреме се поништени решенијата за локациски услови, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се
регулираат со Анекс договор кон основниот Договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето. За исотот корисникот на земјиштето е должен да достави документ – дека во претходниот период документацијата му била поништена.
Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ѓи извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.
За овие локалитети мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверено од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.
Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на Локалната самоуправа; овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест; а новите корисници на земјиштето да и надоместат на Локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.
Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати и процентуално учество од вкупниот износ со обезбедување на инструмент (клаузула) во договорот за сигурна динамика и банкова гаранција за правни или востановена хипотека за физички лица (согласно чл.59 ст.12и ст.13. од Законот за градење сл.в.на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и сл.в. на РСМ бр.244/19 и 18/20). Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат "прагови" во зависност од висината на долгот и рокот на одложеното плаќање кои се формирани на следниот начин:

1. **Плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште од страна на физички лица**

-За вкупен износ на надоместокот до 32.000,00 денари надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа при склучува на договорот во целост.

-За вкупниот износ на надоместокот од 32.001,00 денари до 96.000,00 денари надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

- За вкупен износ на надоместокот над 96.000,00 денари надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа 50 % при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.
- Доколку физичкото лице учествува во финасирање на изготвување на ДУП во дел каде истиот не постои ,тоа ќе се регулира со меѓусебен договор со Општина Свети Николе и износот за трошокот за изготвување на ДУП ќе се пребие со надоместокот за уредување на градежно земјиште.

2. **Плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште од страна на правни лица**

- За износ до 64.000,00 денари надоместок за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа при склучување на договорот во целост.

За износ над 64.000,00 денари надоместок за уредување на градежно земјиште ќе се плаќа 50%при склучување на договорот ,а остатокот од 50% ќе се плаќа на6 (шест) еднакви месечни рати.

- Доколку правното лице учествува во финасирање на изготвување на ДУП во дел каде истиот не постои ,тоа ќе се регулира со меѓусебен договор со Општина Свети Николе и износот за трошокот за изготвување на ДУП ќе се пребие со надоместокот за уредување на градежно земјиште.

Во поглед на одложено плаќање ,присилна наплата ,камата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од договорот помеѓу инвеститорот и органот на општината надлежен за уредување на градежно земјиште.

## VIII. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НАПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето ќе се врши по добивање на одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

Глава „**IX. НАДОМЕСТ ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА“ се менува и гласи:**

## IX НАДОМЕСТ ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛИНИСКИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА

За линиски инфраструктурни објекти , освен линиските инфраструктурни објекти наведени во став (5) од глава **VI** на оваа Одлука се плаќа надоместок во процент од висината на вредноста на градежните работи и тоа за вредност:

| | | |
|---|---|---|
| до 100.000,00ден | 1% | |
| од 100.000,00 до 500.000,00 ден | 0.6% | но не помалку од 1.000,00ден |
| од 500.000,00 до 1.000.000,00 ден | 0,5% | но не помалку од 3.000,00ден |
| од 1.000.000,00 до 5.000.000,00 ден | 0,3% | но ме помалку од 5.000,00ден |
| над 5.000.000,00 ден | 0,2% | |

Висината на надоместокот на градежните работи ќе се определува со превземање на цените од тендерската документација.
Доколку Локалната самоуправа нема утврдени цени за определена градежна работа истата ќе се определи според просечната цена од три субјекти во тековниот период.
За градежни и градежно занаетчиски работи на објектите кои претставуваат тековно и инвестиционо одржување, поправки, адаптации и слични работи, не се пресметува надоместок за уредување на градежно земјиште .

**X ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Изнена на Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**X. ОДРЕДБИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

1.За новите урбанистички планови минималната корисна станбена површина за изградба на која се пресметува комунален надоместок се утврдува на минимум 25% од вкупно планираната развиена стамбена површина за градба согласно деталниот урбанистички план односно согласно параметрите за секоја градежна парцела.
За постарите урбанистички планови каде објектот се дефинира со маркица за градба минимум корисна површина на која се плаќа надоместок е 140м2.

2. Комунален надоместок за уредување на градежно земјиште за деловен простор од времен карактер се плаќа по Програма, како и за објекти од цврст материјал (сталeн карактер) само за корисна станбена површина на деловен простор.

3.Надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа спрема оваа Програма во висина на износот што е утврден според локалитетот кој се уредува
4. За изградба на нови објекти во дворно место или на местото на урнат објект се плаќа надоместок во висина утврдена со програмата, според локалитетот на кој се гради, намален за корисната површина на објектот кој се урива доколку истиот бил легално граден објект, и поседува уредна инвестиционо- техничка документација.
5.За бесправно изградени објекти, а накнадно вклопени (легализација) во Урбанистичкиот план ќе се плаќа комунален надоместок согласно закон и ввисина утврдена со оваа Програма според локалитетот во кој се наоѓаат.

6.Одобрението ке се издава по целосната уплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште или со обезбедена гаранција за надоместокот(банкова,хипотека идр.).

7.За лицата кои веќе имаат уплатено соодветен дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште, досега уплатените средства ќе се пресметуваат како соодветен платен дел од надоместокот во $м^2$, според важечките цени во моментот на плаќањето. Останатиот неизмирен дел за кој не е извршено плаќањето, до денот на стапувањето во сила на оваа Програма ќе се применуваат цените согласно оваа Програма.

8.Инвеститорите кои надоместокот за уредување на градежното земјиште, ќе го уплатуваат на одложено плаќање, уплатениопт дел од надоместокот ќе им се пресметува според важечките цени на денот на плаќањњето на истите. Доколку во меѓувреме настанала промена на цената, согласно Програмата, акт на Советот на Општината или друг законски односно подзаконски акт, наплатата се пресметува според важечките цени на денот на плаќањето.

9.Советот на Општина Свети Николе може да донесе Одлука за делумно или целосно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за објект од јавен интерес или за објкет во индустриска зона по претходно доставен бизнис план и договор со точно дефиниран број и динамика на остварени вработувања.

10.При реконструкција со која не се добива нова станбена површина, надоместокот за уредување на градежното земјиште не се наплатува.

11.Корисникот на градежно земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објкети во Општината.
Доколку не добие согласност од комуналното претпријатие по писмен пат , Општината ќе склучи договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

12.За спроведување на ова Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Свети Николе.

**13.. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе” а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр. 0801-966**
**26.12.2024 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
________________________

**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 и член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02). Советот на Општина Свети Николе **на 56** седница одржана **на ден 26.12.2024 година,** донесе:

# П Р О Г Р А М А

**За активностите на Општина Свети Николе во областа на информатичката и комуникациската технологија (ИКТ) во 2025 година**

## 1. Важноста на информатичката и комуникациската технологија

Со користењето на информатичката технологија се зголемува ефикасноста и ефективноста на работењето на администрацијата и услугите што се нудат како производ на самата администрација. Вложување во квалитетна информатичка опрема значи вложување во брзината и ефикасноста на работењето на администрацијата,тоа значи задоволни корисници на електронските услуги – странки и сите лица засегнати со изходот од работата на администрацијата. Модернизирањето на информатичката инфраструктура вклучувајќи квалитетен хардвер и софтвер значи, побрз и поефективен тек на работите и значително подобрени услуги кон граѓаните. Ивестицијата во информатичката технологија е повратна инвестиција т.с. со самото ивестирање се намалуваат трошоците за обработка на податоци и дополнителен ангажман на луѓе.

## 2. Хардверска и софтверска подготвеност на општината

Конитинуираното инвестирање во хардверската опрема и софтверската платформа во општината поради зголемениот број на апликативни софтвери кои бараат подобра хардверска подготвеност е неминовно. Набавка на нов хардвер кој би ги задоволувал потребите за идејни решенија и пораст на користењето на информатичките ресурси и заштита на информациите.Дколку континуирано се обновува инфраструктурата и алатките за работа општината нема да се соочува со проблеми и нема да се оптеретува буџетот.

## 3. Стратешки цели

### Обезбедување на ИТ инфраструктура

Информатичка инфраструктура значи збир на хардвер и софтвер која е централизирано менаџирана како клиент - сервер околина која има за задача да обезбеди непречен проток на податоци и овозможување на квалитетни електронски услуги.

- Безбедна и ефикасна инфраструктура;
- Проширување и подобрување на инфраструктурата;
- Контролирано и безбедно отклонување на проблеми;
- Лесно надградлива и флексибилна инфраструктура;
- Брзо и ефективно отстранување на дефекти и нивна целосна контрола;

**Backup решенија и брзо опоравување од катастрофи**

Континуирано, изнаоѓање, изготвување и одржување на backup решенија кои ке го намалат времетраењето на опоравување од катастрофи, како што се cyber напади малициозни софтвери и природни катастрофи се од големо значење за Општинските информатички ресурси.

**Оптимизирање на информатичка инфраструктура**

Оптимизирање на информатичка инфраструктура значи подобрена комуникација со уредите во склоп на околината, менаџирање на самата околина во зависност од потребите и приоритетот на истите.Придобивките кои ке проследат се следниве:

- Ги намалува трошоците;
- Нови сервиси и подобрен квалитет;
- Брзи реакции;
- Високо ниво на корисничка продуктивност;
- Флексибилен пристап;
- Брзо опоравување од оштетување или дефект;

**Капацитети и знаења**

Општината има потреба од континуирано зајакнување на способностите, вештините и знаењата на вработените во информатичкиот сектор како и администрацијата односно корисниците на ИТ опремата, со што би се организирале интерни и надворешни обуки, тренинзи, од областа на ИТ .

**Безбедност**

Безбедноста во информатичкиот систем е од големо значење на кое мора да се посвети големо внимание а тие се:

- Обезбедување на сигурносен проток на податоци ;
- Обезбедување на соодветни енкрипции и сертификати за внатрешно користење на ресурсите и податоците;
- Обезбедување на лични податоци на вработените;
- Обезбедување од надворешни влијанија, кражба на податоци, малициозни програми и упад во информатичкиот систем;
- Обезбедување на сигурност на корисниците на е-услугите;
- Обезбедување на личните податоци на корисниците;
- Изработка на решение за сигурносна, енкриптирана копија на податоците – backup и нејзино правилно чување;

**Одржување и воведување на нови е-услуги**

Во подготовка е електронскиот систем за наплата на побарувања по основ на решенија за данок и останати плаќања кон општината, во овој проект е вклучено и јавното претпријатие Комуналец со сметките за комуналии. Електронскиот систем ќе биде подготвен за електронска наплата на јавни давачки преку web портал.Овозможување на електронски услуги на граѓаните и бизнис заедницата кои ќе допринесат за поефикасна реализација на бараните услуги, со олеснет пристап,  и достапност. Бенифиции од воведувањето на е-услугите:

- Намалување на трошоците за хартија;
- Намалување на трошоците за печатење;
- Намалување на обемноста за работа на администрацијата;
- Намалување на редици и чекање на шалтери за наплата;

**Имплементација на заштита и намалување на трошоците на општинските установи**

Предвидената интерконекција со општинските установи ќе донесе голем бенефит за истите, со скратување на трошоците за набавка на хардвер и софтвер и заштита на локалните бази на податоции централизиран бекап, со што би се овозможила поголема интероперабилност и комуникација помеѓу истите. Хардверот со кој располага Општина Свети Николе е доволен и за опслужување на сите општински установи.

## ИКТ БУЏЕТ за 2025 година

| ред.бр. | Опис | Количина | Ед.ценаБуџет 2025 | Вкупно Буџет 2025 |
|---|---|---|---|---|
| 1. ЕАА-480140 | Набавка на компјутери | 1 | 180,000 | 180,000 |
| 2. Е0-423910 | Набавканамрежнаопрема (свичеви ,рутери,)надградба нанова и постоечка инфраструктура | 1 | 80,000 | 80,000 |
| 3. Е0-423910 | Резервни делови за тековно одржување и сервисирање на компјутерите(напојувања, хард-дискови и др.) | 1 | 80,000 | 80,000 |
| 4 . ЕАА-480140 | Набавка на мултифункционални принтери и фотокопири | 1 | 200,000 | 200,000 |
| 5. Е0-423910 | Интерконекција на општински установи оптичко поврзување. | 1 | 300,000 | 300,000 |
| 6. ЕАА-480190 | Набавка на опрема за надградба на систем за видео надзор, алармни системи. | 1 | 160,000 | 160,000 |
| 7. ЕО-423910 | Набавка на софтверски лиценци,windows, office, backup | 1 | 60,000 | 60,000 |
| 8. ЕО-424420 | Надградба и одржувањенасофтверзаданочнооддеeление LTAS | 1 | 180.000 | 180.000 |
| 9. Е0-424420 | Надградба и одржувањенасофтверзаодделениеза финансии и буџет ЕДУСОФТ | 1 | 70,000 | 70,000 |
| 10 ЕО-424420 | Надградба и одржување на софтвер КОМУНА - даночно | 1 | 450.000 | 450.000 |
| | | | **Вкупно:** | **1.760.000** |

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе” а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр.0801-963**
**26.12.2024год.**
**Свети Николе**

**Совет на општина Свети Николе**
**Претседател**
________________________
**Валерија Ивановска**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), член 157 и член 158 од Законот за основното образование („Сл. весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 101 и член 101-а од Законот за средното образование („Сл. весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 229/20), Советот на Општина Свети Николе на **56** седница одржана на ден **26.12.2024** година, донесе:

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2025 година

### I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Активен однос на Советот на Општина Свети Николе кон задоволување на потребите и интересите на девојчињата и момчињата, жените и мажите од областа на образованието;
- Планирање на развојот на образованието
- Подобрување на условите за обавување и реализација на воспитно образовниот процес во основните и средното училиште;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Подобрување на инфраструктурата на училишните објекти во основно и средно образование;
- Модернизација на училишните објекти и набавка на нови наставно нагледни средства во основните училишта.

### II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието во 2025 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од процесот на децентрализација на образованието;

## 1. ПРИХОДИ

| Р.бр. | Блок дотација по соодветна програма | БУЏЕТ 2025 |
|---|---|---|
| 1 | Основно образование- блок дотација | 150.349.000 |
| 2 | Средства од Буџетот на општината-основно образование | 2.479.806 |
| 3 | Самофинансирачки- основно образование | 469.000 |
| 4 | Донација основно образование | 544.748 |
| 5 | Самофинансирачки- средно образование | 3.060.000 |
| 6 | Средно образование-блок дотација | 53.700.000 |
| 7 | Средства од Буџетот на општината-средно образование/студенти | 803.000 |
| 8 | Донација Средно образование | 1.996.053 |
| | **Вкупно:** | 213.401.607 |

## 2. РАСХОДИ

| Р.бр | I- АКТИВНОСТ | МОН-2025 | Буџет на Општина 2025 | СОПСТВЕН И ПРИХОДИ 2025 | Вкупно Буџет 2025 | ВРЕМЕТРАЕЊЕ | ОДГОВОРНИ | ИНДИКАТОРИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Н1-464990 | Прогласување најдобар ученик/наставник основно образование | | 47.000 | | 47.000 | Декември 2025 | Градоначалник и Комисија од СОВЕТ | Број на ученици - девојчиња и момчиња кои добиле парична награда |
| 2 | Продолжен престој за ученици во ООУ „Гоце Делчев" и ООУ " Свети Кирил и Методиј " - за плата | | 1.165.806 | | 1.165.806 | 01.01.2025-10.06.2025 и 01.09.2025 - 31.12.2025 | Градоначалник | Број на ученици - девојчиња и момчиња кои биле дел од проширената програма |
| 3.Н1-425990 | Оперативни расходи основно образование | | 7.000 | | 7.000 | Континуирано 2025 | Градоначалник | |
| 4.Н1-464990 | Награда за талентирани ученици за основно образование и нивните ментори | | 300.000 | | 300.000 | Континуирано 2025 | Градоначалник и Комисија од Општина | 1.Број на ученици - девојчиња и момчиња кои добиле парична награда и 2. број на наставен кадар - жени и мажи кои добиле парична награда |
| 5.Н1-423410 | Новогодишни пакетчиња за ученици од основно образование | | 500.000 | | 500.000 | Декември 2025 | Градоначалник | 1.Број на ученици - девојчиња и момчиња кои добиле новогодишно пакетче 2. број на пакетчиња |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.Н1-464990 | Доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2025/2026 година | | 450.000 | | 450.000 | 01.05.2025 - 15.09.2025 | Градоначалник | 1.Број на ученици - девојчиња и момчиња кои оствариле право за еднократна парична помош и 2.број на родители (жени и мажи) кои поднеле барање за еднократна парична помош |
| 7.Н1-425920 | Спроведување на активности за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација, промоција на добросостојбата на учениците | | 10.000 | | 10.000 | Континуирано 2025 | Градоначалник | Број на ученици - девојчиња и момчиња кои биле дел од активностите |
| 9 | **ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИ (1+2+3+4+5+6+7)** | **0** | **2.479.806** | **0** | **2.479.806** | | | |
| 10.Н2-464990 | Прогласување на најдобар просветен работник средно образование | | 18.000 | | 18.000 | Декември 2025 | Градоначалник и Комисија од СОВЕТ | Број на наградени просветни работници |
| 11.Н2-464990 | Награда за талентирани ученици за средно образование и нивните ментори | | 200.000 | | 200.000 | Континуирано 2025 | Градоначалник и Комисија од Општина | 1.Број на ученици - девојчиња и момчиња кои добиле парична награда и 2.број на наставен кадар - жени и мажи кои добиле парична награда |
| 12.Н2-464990 | Прогласување најдобар ученик средно образование | | 15.000 | | 15.000 | Декември 2025 | Градоначалник и Комисија од СОВЕТ | Број на ученик - девојче или момче кое добило парична награда |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 13.H2-464990 | Доделување на еднократна парична помош на семејства со средношколец во учебната 2025/2026 година | | 500.000 | | 500.000 | 01.05.2025 - 15.09.2025 | Градоначалник | 1.Број на ученици - девојчиња и момчиња кои оствариле право за еднократна парична помош и<br>2.број на родители (жени и мажи) кои поднеле барање за еднократна парична помош |
| 14.H2-425920 | Спроведување на активности за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација, промоција на добросостојбата на учениците | | 10.000 | | 10.000 | Континуирано 2025 | Градоначалник | Број на ученици - девојчиња и момчиња кои биле дел од активностите |
| 15. D0-464990 | Обезбедување на платена летна пракса во траење од еден месец на студенти од различни профили во Општина Свети Николе | | 60.000 | | 60.000 | Континуирано 2025 | Градоначалник | Број на студенти - девојчиња и момчиња кои биле дел од активностите |
| 16. | **ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (10+11+12+13+14+15)** | | **803.000** | | **803.000** | | | |
| **Р.БР.** | **III. ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА** | **МОН- и донации** | **Општина** | **СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ 2025** | Вкупно Буџет 2025 | | | |
| 17. | Блок дотација – основно образование - плати | 131.588.786 | | | 131.588.786 | | | |
| 18 | Блок дотација – основно образование - материјални трошоци | 18.760.214 | | | 18.760.214 | | | |
| 19 | блок дотација – средно образование –плати | 49.116.530 | | | 49.116.530 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 20 | блок дотација – средно образование –материјални трошоци | 4.583.470 | | | 4.583.470 |
| 21 | **Приходи од донација средно образование** | **1.996.053** | | | 1.996.053 |
| 22 | Приходи од самофинансирање-основно образование-оперативни расходи | | | 469.000 | 469.000 |
| 23 | **Приходи од донација основно образование** | **544.748** | | | 544.748 |
| 24 | Приходи од самофинансирање-средно образование-оперативни расходи | | | 3.060.000 | 3.060.000 |
| | **ВКУПНО** | **206.589.801** | **3.282..806** | 3.529.000 | **213.401.607** |

**II. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средства на Министерството за образвание и наука, од сопствени приходи на училиштата, од донации и од Буџетот на Општина Свети Николе за 2025 година.

Во текот на реализацијата на Програмата за образование за 2025 година, доколку се јави потреба може да се врши прераспоредување на предвидените средства од една во друга позиција.

Програмата за образование е рамноправна во однос на момчињата и девојчињата. При нејзината изработка се земаа предвид потребите, улогите и начините на користење на времето и ресурсите од страна на учениците - девојчињата и момчињата како и наставниот и ненаставниот кадар - жените и мажите. На овој начин Општина Свети Николе покажува дека ги подржува и применува принципите на рамноправност во креирање на политиките и следствено – одговорно буџетирање кое ги опфаќа и момчињата и девојчињата и жените и мажите. Покрај ова овие практики имаат за цел да ги слушнат и да одговаараат подеднакво на потребите на девојчињата и момчињата, мажите и жените, тие истовремено го зголемуваат нивото на транспарентност, го подобруваат учество на граѓан(к)ите и ги подобруваат економските политики на општината. Програмата овозможува буџетско следење, транспарентност и ефикасност на обезбедените средства за спроведување на буџетирање.

При планирањето на активностите кои се дел од оваа програма беа земени во предвид потребите на учениците - девојчињата и момчињата како и наставниот и ненаставниот кадар - жените и мажите, подеднакво планирајќи ги и потребите на учениците - девојчињата и момчињата со посебни образовни потреби.

Општина Свети Николе зависно од своите финасиски мжности во текот на 2025 година ќе се потруди да обезбеди финансиски средства од  Буџетот на Општина Свети Николе  за училишни униформи на учениците во основно и средно образование во износ од 1.000.000 денари.

Во текот на 2025 година Општина Свети Николе ќе обезбеди средства од  од Буџетот на Општина Свети Николе  или преку аплицирање на проекти за донации за набавка на спортски реквизити за основните училишта (топки за фудбал,кошарка,одбојка,ракомет,јаже за скокање ,душеци за вежбање ,подвижни кошеви , ластик за отпор),исто така набавка на ЛЦД проектори и преносни компјутери,како и набавка на училишни столчиња во СОУ Кочо Рацин како и замена на столарија во гимназиската зграда (замена на врати на училниците ).

Проект за реконструкција и адаптација на санитарни јазли во СОУ "Кочо Рацин" Свети Николе со износ од 2 564 530,80 (вкупен износ со ДДВ 3.026.146 денари) е аплициран на повик од МОН и сеуште се чека одговор за кој постои можност да има потреба за кофинансирање.

Реконструкција на подови, плафони, ѕидови и врати во училници и училишна библиотека во ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе со износ од 8,351,388.64 денари е одобрен од МОН и е започнато со активности за реконструкција.

Преку Програмата за регионален развој на Бирото за регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 година е предвидено изградба на затворено повеќенаменско спортско рекреативно игралиште (Балон сала) во склоп на СОУ "Кочо Рацин" – Свети Николе. Истото е во тек на реализација.

Во текот на 2025 година ќе се аплицира преку Центар за Вардарско плански регион и Биро за регионален развој за промена на кров и ставање на фасада во СОУ “Кочо Рацин “во износ од 7.000.000 денари.

Во 2025 година се планира аплицирање на ЈАВЕН ПОВИК кој го огласува Министерство за образование и наука за финансирање на проекти за изградба, доградба, надградба и реконструкција на училишни објекти на основни и средни државни, општински и училишта под надлежност на Градот Скопје со средства од Буџетот на Министерство за образование и наука и ЈАВЕН ПОВИК кој го огласува Министерство за локална самоуправа за изразување на интерес од страна на општините за финансирање на инфраструктурни проекти од Потпрограмата АА - Инфраструктурни проекти во општините. За одобрените проекти Општина Свети Николе ќе има за обврска кофинансирање кој што износ ќе се одреди по одобрување на проектите и склучување на договор и истата ќе се предвиди дополнително во Буџетот на Општина Свети Николе за 2025 година.

- ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе ќе аплицира со проект за партерно уредување на училишниот двор. За проектот училиштето има изготвена и ревизија на истиот и предмер пресметка со вкупна вредност проценета од 1.803.040 денари.

- ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе ќе аплицира со проект за партерно уредување на училиштето со спортски терен и амфитеатар со проценета вредност од 3.496.296 денари.

- ООУ „Даме Груев“ с.Ерџелија, Свети Николе ќе аплицира со проект за поставување на под (вештачка трева) во балон салата во централното училиште во село Ерџелија со износ од 1.000.000 денари.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Свети Николе ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис секторот и слично.

**IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ**

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

- обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес;
- вклучување на општината во проекти на МОН, странски и домашни донатори;
- Организирање на Социјален дијалог – настан „Учи паметно работи стручно“
- зголемување на можностите за професионална ориентација.

**V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Свети Николе” а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр.0801- 969** **Совет на Општина Свети Николе**
**26.12. 2024 година** **Претседател,**

__________________________

**Свети Николе** **Валерија Ивановска**